СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Деветнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 јули 1991 година

Скопје, јули 1991 година

19-та седница, 6.VII.1991

ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОЃА НА стр. бр.1

ДИСКУТАНТИ: стр:


1.СТОЈАН АНДОВ 1.

2.Васил Тупурковски 2(екпозе-Актуелна политичко безбедносна состојба во земјата)

3. Тодор Петров

4.Цветан Јовчевски 32.

5.Ристо Дамјановски 43.

6.Драги Арсов 49.

7.Фаик Абди 50.

8.Благој Хаџиски 53.

9.Ефтим Манев 58.

10.Љубосав Иванов 65.

11.Петар Гошев 72.

12.Стиле Стојков 81.

13.Ѓорѓи Котевски 84.

14.Митко Анастасовски 85.

15.Зоран Крстески 87.

16.Тито Петковски 91.

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Деветнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 јули 1991 година.

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 18,50 часот.
Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.
СТОЈАН АНДОВ:
Дами и господа пратеници, ја отворам Деветнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.
Пратениците Димитар Димитровски, Горѓи Бојковски, Јаким Ивановски, Симеон Ивановски и Флоре Масалковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.
Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.
За седницата се поканети и присуствуваа: претседателот на Република Македонија Киро Глигоров, членот на Претседателството на СФРЈ од Република Македонија д-р Васил Тупурковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.
За денешната седница го предлагам следниот  дневен ред:
- Актуелната политичко-безбедносна состојба во земјата и Републиката.

Со оглед на актуелнсота и значењето на предложениот дневен ред, предлагам дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.
Преминуваме на првата точка - Актуелната политичко безбедносна состојба во земјата и Републиката.
Има збор членот на Претседателството на СФРЈ од Република Македонија д-р Васил Тупурковски.
ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:
Почитуван претседател, почитувани пратеници, однапред ве молам да ми простите што нема да биде најорганизирано ова излагање и најконзистентно изнесено, бидејќи во целиот интензитет и една критична динамика на ова што ни се случува едноставно немаше услови за некоја подготовка од тој вид.
Инаку, се што е актуелно, што е информација со која ние располагаме и јас лично ви стои на располагање. Јас дури предлагам, ако се согласи ппретседателот, да се разјаснат и некои работи што се фактичко значење, доколку има таков интерес, а јас пропуштам да ги коментирам или изнесам. Едноставно премногу се случува, иако карактеристиките на сето тоа што се случува се многу јасни, но премногу се случува како факт и како состојби за да може се да биде опфатено.
Јас трипати престојував во Словенија во овие десетина дена. Од вчера навечер по задача на Претседателството на СФРЈ, што во меѓувреме се конституираше, а првите две одења во договор овде во Републиката со нашиот претседател, со нашите претседатели на Собранието и на Владата и другите претставници од државните органи пошироко, со желба да се влијае врз негативните развојни трендови

во земјата, затоа што потполно ни е јасно на сите дека многу тешко може да се брани тезата дека тоа што се случува на илјада или на колку километри од нас не ги засега нашите интереси. Напротив, сосема е јасно дека ситуацијата не запира во Словенија, оваа актуелната и кризната, најакутната, туку ескалира во целата земја и оттаму мислам дека е добро што на таков организиран начин Републиката се труди да влијае да се пресвртат ако е можно овие негативни трендови. Состојбите се експлозивни, непредвидлив е епилогот, познатите консеквенци досега се правични, тие што ги знаеме, а неизвесностите се огромни и моментот е крајно сложен и деликатен. Ние се обидуваме да одговориме со бројни иницијативи, бројни активности и бројни акции. Ја сега дојдов од Љубљана. Вчера имавме најпрво состанок со Командата на Петтата воена област во Загреб, при што бевме информирани за гледањата на раководната структура  на боиштето практично, за тоа што се случува и што се моменталните состојби на тој простор, а потоа повеќе часови, четиринаесетина часови преговаравме со највисокото раководство на Република Словенија околу остварувањето на ставовите на Претседателството односно обезбедувањето на сите модалитети за да се стабилизира прекинот на оганот. Вечерва, незнам дури дали ќе заврши седницата дотогаш, ќе отпочнат нашите разговори со министерската мисија на Европската заедница. И тие третпат доаѓаат во Југославија во последните десетина дена. И со екипата на Претседателството на СФРЈ,на Сојузниот извршен совет и на Република Словенија. Тие преговори и утре ќе продолжат, се со надеж дека утрешниот ден кој што многу сакаат да го прикажат како денот во кој што ќе се отвори радикалниот аспект на југословенската криза и на односите во земјата може да се избегне, не само да се одложи, туку и да се избегне.

I/4.-

Некои карактеристики се евидентни, мислам дека едностраното прогласување на самостојноста е еден од тие карактеристични моменти за најактуелнава, последниве денови ескалација на кризата во земјата на односите меѓу републиките и на релација Словенија-Федерација, политиката на  исклучивост и на апсолутизирање на сопствените интереси, не сакам да бидам тука критичен само спрема Словенија, туку мислам дека таква исклучивост дојде и од страна на органите на Федерацијата и оттаму е колизијата која што заради проценките, погрешни или точни на едните или другите, доведе до еден тежок вооружен судир со консеквенци и последици кои големо прашање е дали може да се исправат и на долга патека, да не зборувам сега во овој момент, затоа што во игра се извонредно високи тензии, емоции, состојба на духовите, триумф на едно негативно расположение на се што е некоја југословенска интеграција од една страна, од друга страна триумф на едно негативно расположение спрема се што е некој посебен автентичен национален интерес во овој случај на еден мал народ во Југославија итн. Тоа се крајните консеквенци на тоа што не може човек поинаку да го крсти освен како лудост на најодговорните кои сепак ги иамат и инструментите и знаењето и механизмите да произведат масовно следбеништво на една таква или тие такви политики.

Карактеристична е, се разбира интервенцијата да се обеснажат едностраните акти на Словенија, големо прашање за длабоки анализи и за проценки, посебно актуелно за нас, треба многу сериозно на тоа да пристапиме кога ќе ги имаме сите елементи и во една посмирена амтосфера.

I/5.-
Воените судири во Словенија се најкласични воени судири што се одиграа и што ни висат над глава сеуште, посебно во Словенија, но ви велам дека ситуацијата ескалира. Огромните штети, и најжалосно од се е човечките жртви. Мислам дека ние во еден ваков судир на нашата лудост мораме да ги почитуваме сите тие жртви. Нема некоја жртва што туак е падната оправдано, ако може да се изгуби воопшто човечки живот. Јас се надевам дека сега реагирам спонтано, нема да ми замери претседателот да предложам да им одадеме почит на тие жртви со едноминутно молчење, бидејќи е катастрофално губењето на тие жртви, на деца, на млади, на граѓани, на странци на оваа територија што некогаш беше простор за поврзување и комуникација меѓу Европа и светот. Би ве замолил тоа да го направиме.
СТОЈАН АНДОВ:
Молам, со едноминутно молчење да им одадеме почит на загинатите.
(Сите присутни во салата стануваат и им оддаваат почит).
Слава им.
ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:
Се разбира карактеристично е и барањето конкретен излез од оваа ситуација. Во една фаза тоа го иницираме низ конституирањето на Претседателството на СФРЈ и вие знаете дека тоа се случи токму два дена по отпочнувањето на непријателството во Словенија, при што европската партиципација е од огромно значење и договорот што го постигнавме со претставниците на Европската заедница од три точки, при што една е се разбира прекин на огинот,

на непријателствата, втората е суспендирање на извршувањето на Декларацијата за сувереност и на актите што се засноваат на тие декларации во време од три месеци, значи мораториум од три месеци и третата беше и таа засега е реализирана конституирањето на Претседатеслтвото, изборот на претседателот и потпретседателот на Претседателството.
Договорот со Европската заедница на е значаен само заради овие три точки, туку по мое длабоко убедување, јас потоа ќе дадам и некои конкретни податоци од натамошниот развој на оваа европска димензија, на огромното учество и ангажирање во надминувањето на нашава состојба и на нашиве ситуации, туку дека е уште повеќе важен затоа што тука е формулата за која сега можеме да се фатиме во надминувањето на овие состојби, бидејќи во услови кога крајно се апсолутизирани ставовите на републиките, на тие што на крајот на краиштата преку политичкото водство ни ја прават привилегијата да бидеме "бурето со барут" во Европа, нема друг излез освен да се прифати реалноста на ангажирањето на Европската заедница и пошироко на европскиот систем, на КЕБС,на механизмите што ги предвидува за третирање на конфликтните ситуации и со сите консеквенци затоа што една таква ангажираност и присуство ги носи  за некои аспекти на сувереноста, за некои аспекти на правото на автентичен начин да се одредува сопствената политика итн. Тоа е јасно дека во одредена мерка ќе претрпи модификација, адаптација кон европските интереси, иако во крајна линија големо прашање е дали тие европски интереси не се и нашите, долгорочно гледано.
Остварувањето на договорот со Европската заедница е моментално, можам да ви кажам, и клучно прашање на преговорите со раководството во Словенија и кога ќе ви ги изнесам тие елементи ќе видите дека практично сега на тенката линија на примирјето од

денес до утре со големите неизвесности на датумот што го одредивме и што го носи дванесеттиот час за да се врати состојбата на границата во претходниот режим, ги отвора како единствено реална опција за излегување од моменталната криза и за евентуално продуктивно договарање меѓу нас самите, а посебно на релација Словенија-Југославија. Се разбира, затегнувањето со ваков интензитет што ни се случи, тоа е една посебна карактеристика на состојбите во последните десетина дена произведе промени во ставовите на меѓународната заедница и ние посебно овде во Републиката, анализирајќи ги ставовите на организираната меѓународна заедница, пред се на европската заедница, потоа на САД, помалку или повеќе како синхронизиран настап спрема Југославија, некои отстапувања од одредени земји, но на нивото на генералниот пристап, воедначена политика, од која произлегуваат и реални можности за преговори врз база на Платформата што ја предложија претседателите на Македонија и Босна и Херцеговина, овие промени не можеме поинаку да ги доживееме освен како една опасна пукнатина во тој синхронизиран настап спрема Југославија. Можеме да бидеме сигурни дека сигналите што ни се праќаат од надвор кога се различни, а во огромна мерка еднострано или сите заедно или спрема нас се изврши интернационализација на југословенската криза, толкувањето на тие ставови кога помеѓу нив има разлики, а се ставови на групациите на земји и крајно релевантни партнери на Југославија и на републиките, со тоа и на Македонија отвораат страшни проблеми и можат дополнително да ја влошуваат ситуацијата. Вие сите сте сведоци на отворање на некои стари традицонални разлики во Европа, врзани за југословенската ситуација.

II/1 СП/СЛ

ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ: (продолжение)

Ставовите и на 12-мината и на 35-мината значи и на Европската заедница и на КЕПС, во крајна линија ги имаме сега како резултат на прашката и на хашката конференција, Министерската вчера во Хаг , а завчера на високо експертско ниво во Прага околу состојбите во Југославија и тие зборуваат за оваа модификација на позицијата на меѓународната заедница и за големите напори што таму се вложуваат да се одржи единствениот пристап кон некои принципиелни прашања кои што , кога и ќе се аплицираат во Југословенската ситуација извираат од најзначајните меѓународни документи, Повелбата на Обединетите нации, Хелсиншкиот финален акт, Париската повелба итн. и во апликацијата на југословенските сотојби не прават преседани, туку треба да ја устоличат на еден дефинитивен начин таа меѓународна пракса и меѓуанродна правна пракса и меѓународна политичка пракса. Рушењето на целиот тој систем заради погрешните сигнали и еднострананата интернационализација на нашата криза навистина сега не е веќе прашање на влошувањето на состојбите во Југославија, ги отвора проблемите на односите во Европа и на реферирањето од позициите на попуштањето на затегнатоста како дефинитивен процес во Европа.

Јас мислам дека со Југославија се помалку ќе се занимаваат заради актуелните состојби, а се повеќе тоа што е најштетно од се, бидејќи ние сме сепак во составот на Југославија, ќе се занимаваат инспирарани од традиционалните геостратешки и геополитички конфигурации на овој простор, за тој физички простор сеедно како е организиран, во каква заедница, низ кои републики итн.

II/2

Традиционалните преокупации ќе отворат низа неизвесности за иднината и на Македонија и на останатите во земјата но ние треба, пред се, да размислуваме за тоа на кој начин ќе биде ангажираноста, размислувањето и влијанието на останатите спрема нашите перспективи.

Некои назнаки за опасностите од судирите во Југославија и од таа радикална радикализација на односите сега за Европа за односите Исток-Запад дури за идеолошкиот расплет кој што човекот можеше да го смета за остварен, ние гледаме во последните денови можеме да проследиме низ конфронтациите на релацијата Германија-Франција-Италија еден возобновен интерес за ангажман околу ревитализирањето на глобалната рамнотежа Советскиот Сојуз-Америка кога тоа не е реално заради состојбите внатре во Советскиот Сојуз, а пак заради интересите на таа голема сила врз база на принципиелниот однос кон прашањето на територијалниот интегритет и на целоста на еден државен простор сега да врши влијание повторно во оваа наша земја бранејќи некои сопствени интереси.

Ние пристапивме во овие преговори, да се вратам на Словенија и на конкретни информации што ќе ги користат и кон преговорите за модалитетите на примирјето на прекинот на оганот врз база на одлуките на Претседателството на Југославија.

Пред неколку дена кога  бевме таму со претседателот Месиќ и кога настапивме со една по малку модификувана линија од ова што сега ја презентираше Претседателството на Југославија наидовме на одредено разбирање и на релативен начин тоа што го договоривме и што Ви беше соопштено на јавноста издржуваше во

претходните неколку дена, меѓутоа, велам на релативен затоа што ниту се респектираше апсолутно прекинот на огинот, ниту се извршуваа другите обврски што ние успеавме да ги договориме и сето тоа во услови кога е крајно отежната и деликатна положбата на единиците на ЈНА во Словенија и околу Словенија од причини за кои што ќе кажам нешто подоцна и со одлуките кои ги донесе Претседателството на Југославија на 4 јули пред два дена ја прави оваа ситуација и понатаму неизвесна иако во последните два дена нема пукање освен некои инциденти и нема жртви иако вчера утринта имало ранети двајца старешини и еден војник. Меѓутоа, е тоа на ниво на инцидент иако е крајно опасно што дури и банално да не зборуваме за посериозни инциденти можат овој деликатен баланс да го нарушат и да отворат лавина на радикално однесување. Ова виси комплетно 24 часа врз овие состојби. Сакам да Ве известам за ставовите на Претседателството на Југославија, не за содржината вие знаете, туку да дадам некои оценки уште пред да почне расправата, не сакам да кажам дека не треба да има расправа за тоа.
Ние и денеска бевме соочени во Словенија со оценка дека се работи за ултиматум и немојте да мислите дека не сум свесен за тежината на термините и на сатницата што се ситуираше во ставовите на Претседателството, но тргнав од една сосема друга логика и таа би сакал да ја афирмирам, бидејќи неспоиво е со нашиот пристап овде во Републиката што се трудевме прво да го инагоурираме, а потоа да го реализираме и спрема конкретната ситуација во Словенија и што исклучиво базираше на меѓусебен респект на инсистирање по цена на нарушување на нашиот углед

заради упорноста што мораше да се вложува, а човек би дигнал раце пред еднострaните аргументи итн., да се учествува во нешто што е ултиматум.
Ние ги респектиравме околностите кога ги донесовме тие одлуки затоа што крај на затегнатоста и во таа смисла временскиот фактор не е нешто што не е релевантно. Крајно релевантен е временскиот фактор за да се разрешат овие акутни ситуации, тука не се зборува ни за правото на Словенија ни за односите што ќе мораат да се регулираат меѓу Словенија и останатите сеедно дали како посебни републики или некои друг систем со Федерацијата итн., тоа не е толку битно за конкретната ситуација.

Значи, факторот време има свое јасно значење и би било нерационално да се прави голема расправа околу тоа дека ова можеше да трае во недоглед како разврска во позитивна и во правец на мирољубиво решение, за тоа зборувам, инаку ако недогледот е солуција за да не се примени сила јас би се согласил веднаш и во таков случај тоа е ултиматум инаку е една претпоставка што базира на реална емпирија, можам да кажам неколку ситуации од вчерашните посети на V-тата Воена област и еден од гарнизоните каде што тензијата е таква што факторот време е најважен за тие средини таму и за тие односи во надминувањето на конкретната ситуација.

Второ, е тешката положба на единиците на ЈНА објективно тешката положба, не е битно зошто се доведени во таа ситуација и не сакам да проценувам сега што значи тоа за иднината, за концепцијата на одбраната, за концепцијата на поставеноста на

оружените сили за ЈНА инт., но објективно извонредно е тешка положбата на единиците на ЈНА кои во некоја рака заради апсолутното почитување на прекинот на огинот, па и претходно, се соочени со наредби за крајна воздржаност некаде реално граничи со загрозување на безбедноста на припадниците на ЈНА, а од друга страна пак со режим на односи спрема матичната република, ТО, снагите на Република Словенија и воопшто кое извира од вкупните односи сега на релацијата Југославија-Федерацијата и Словенија кои таа положба тешко ќе можат подолго време да ја поддржат и оттаму во овој случај факторот време е извонредно значаен.
Жртвите и расположениeто во Југославија и во Словенија од една страна од Словенија, потполно верувам на информациите што ги добивме објективно крајно негативно расположение спрема Југославија и спрема ЈНА. Вие ги знаете оценките на Словенечката политичка структура и на Словенечката државна структура за тоа што се случува во Словенија од 26 наваму, но исто така расположение многу деликатно и крајно изнијансирано иако различно од средина до средина во останатите републики заради поднесените жртви и заради третманот на ЈНА. Ние едноставно сме различни во оваа земја и оттаму опасноста од колизии и на тој терен на состојбата на расположенијата кои се од огромно значење, ситуација која може дури да се манипулира со сето тоа. Вие видовте јасни обиди во средини надвор од Републиката за политичка манипулација токму и со болот за жртвите и со состојбите што се створија како крајна несигурност за граѓаните, за нивните семејства и за народите воопшто.

II/6

Не обезбеденоста на границата е исто така еден елемент кој е врзан за временскиот фактор. Моментално границата е потполно транспарентна нема војска на границата, а Словенија нема такви снаги, па мислам дека е добро што во моментот нема такви амбиции, бидејќи мораме да го расчистиме прашањето на границата да ја запоседнат таа граница. Караулите во најголем број се празни, зелениот појас исто така, а имаме ситуација при различни толкувања на Европската политика дел од соседите сепак барем во една хипотетична варијанта на својот однос спрема Југославија, тоа би можеле да го искористат и не може никој да биде одговорен или неодговорен да не го обврзува режимот и безбедноста на границата и за овој фактор, а не може да издржи така уште подолго време, тоа е едноставно невозможно.

Договорот за Европската заедница е врзан за време, Европската заедница испраќа повторно ургентно својата министерска мисија, уште вечерва ќе пристигнат и сосема е јасно ние во таа смисла ќе мораме да презентираме некои систем како да излеземе од сето ова. Системот го гледаме во тие мерки, меѓутоа, јас ќе ви кажам како течеа преговорите со словенечкото раководство за да биде јасно дека и на тој начин не се работи за ултиматум, туку за едно согледување на временската димензија како клучна да се избегне нова драматична ескалација, која, навистина, и објективно виси и заради тие термини и без тие заради создадената ситуација и релацијата Словенија-ЈНА, па и пошироко од тоа.

II/7

Јас спомнав дека формулата за излез од оваа ситуација ние ја гледаме во договорот со Европската заедница. Јас ја гледам во договорот со Европската заедница што е прифатен од сите, а како тоа изгледа на конкретниот терен на мерките за кои што ние ја известивме министерската мисија со која ќе ги разгледаме вечерва ќе Ви кажам на неколку конкретни примери.

На пример, да се повлечат вооружените состави, да се изврши тој дезангажман на ТО и на сите други вооружени состави на Република Словенија, ние тоа го побаравме до 4 јули до 24,00 часот, затоа што претходно наредивме и по признание на словенечката страна армиските единици се повлекоа во касарните без исклучок. Одговорот на ова е дека се работи за ТО не за маневарска војска и дека тие луѓе се наоѓаат на својот простор, а во дефанзивна логика на секоја ТО не можат да си дозволат никаков луксуз за некое ново изненадување, како што кажуваат, и еве едно од прашањата што мора да се идентификува како спорно или отворено и да се расчисти понатаму затоа што објективно нема каде да се повлечат, немаат касарни или некои одредишта од каде што пошле во овој судир, а од друга страна објективно присуството на оружјето ја дига тензијата автоматски. Значи, тука е проблемот и на психологијата проблем на довербата, таа, се осудувам да кажам, нема да се воспостави ни со овие мерки ни по подолго време воопшто.

- да се обезбеди слободно комуницирање по јавните патишта и слободно комуницирање по воздушниот простор.

II/8

Ние двајцата од Претседателството на Југославија по интервенција на претседателот на Владата затоа што во сверата на управата е контролата на летањето сојузната контрола и не успеавме да добиеме дозвола да полетаме или да слетаме на аеродромот во Љубљана. Едно е безбедносната димензија, другата димензија која што се провлекува низ комплетните преговори е тоа дека на најмала возможна инстанца словенечката страна сака да создаде, ако не објективен привид, тогаш некои конкретен учинок во градењето на тој меѓународен субјективитет. Од таму на најбанална работа дали словенечката контрола која е таму, работи за сојузната не е никаде регистрирана, туку ги води летовите на словенечкиот простор врзани за аеродромот Брник само како дел од сојузната контрола можеше да ни даде дозвола или не или таа е исклучиво и ексклузивно право на Сојузната управа. Бидејќи е судирот тука од сосема друга природа, а не е техничка ние не го добивме тоа право.

Понатаму, објективни се проблемите, бидејќи има разурнување на комуникациите, големи штети од војувањето и тоа е невозможно да се стори за ден или два, треба средства тие да се обноват сега.

Околу заробените сакам да кажам тоа е посебно значајно и за нашава Република, сега по кажувањето на словенечката страна дека денеска е веќе сосема намален бројот на заробените и се сведува на 400 од кои велат дека најголем дел не сакаат да си одат во овој момент од Словенија, сакаат да останат во тој статус од разни причини на сопствена безбедност, на страв од гонење заради кршење на прописи,на закони, се што е во игра , бидејќи

на најразлични начини се стекнува тој статус на заробеник или на заробен. Словенците сега ги користат услугите на меѓународниот Црвен Крст, како што рекоа денеска по барањето на нашата Република и на нашиот претседател нема повеќе заробени од Македонија и дека се тие со повеќе автобуси на патот наваму и дека не бил никогаш интересот да се држат, но дека процедурата на меѓународниот Црвен Крст што базира на меѓународни конвенции со задолжително значење, со задолжителна важност се многу стриктни. Тоа е пак на овој терен за кој што ви реков дека се користи секоја, оваа е крупна, но и најмала инстанца за градење на тој субјективитет.

- потполно да се деблокираат единиците и установите на ЈНА и тоа требаше да се заврши веднаш, тоа е сторено, освен во неколку случаи од каде се тврди дека екрајно агресивно однесувањето на командниот кадар и голема е опасноста дури и за цивилното население до колку се изврши таа деблокада, а ние сме соочени со потребата сепак да се нормализира состојбата и спрема ЈНА во Словенија затоа што е неможно при било кое решение за идните односи еве да се случи и таков пресврт утре задутре потполно се прифати независен статус на Словенија отцепување од Словенија таа армија не може објективно да се повлече од таму повеќе време, тоа словенците го знаат и во нивните предлози врзани за Декларацијата, актите што базираат на Декларацијата, извршувањето, предвиделе преоден период самите од три години.

Јас се согласувам во една таква констелација и инсистирањето тоа веднаш да се стори е на линија на таа санација на вкупната состојба и на градење на однос кон таа армиска структура

II/10
што таму ќе биде уште долго време и е погрешно и контрапродуктивно да се иритира до таа мерка да она време што мора да го проведе таму и што словенците објективно го прифаќаат затоа што е неможно да се најде друга солуција би било време на секојдневна потенцијална конфронтација, воопшто не е умно и рационално како политика.
Многу сложено ќе биде прашањето за враќањето на средствата и на објектите што ЈНА и Сојузниот секретаријат за внатрешни работи ги поседувале, па ги изгубиле во оваа конфронтација, бидејќи словенците односно раководството и тие што преговараа со нас, тоа е Претседателството на Словенија и првите луѓе од државната структура и ресорните министри тоа прашање го врзуваат за обештетување на настанатата штета, а што ја ценат на огромен износ на некои две милијарди и седумсто милиони долари така што и тоа што нам ни изгледа сосема неопходно затоа што и кога ќе дојде до спогодба за компензирање на настанатата штета бидејќи во законодавството тоа е предвидено дури и кога војската нанесува штета ако врши маневарски активности, а камо ли во една ваква ситуација........

III/1.-нн/јс

ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:

.......тогаш, тоа прашање нема да се реши со чување на некои од освоениве средства, затоа што ни од далеку не можат да го достигнат износот што се нуди како претрпена штета. Оттаму, е апсурдноста на ништењето на целиот пакет на мерки заради нешто што не ги задоволува потребите и не го гарантира одбраната на сопствените интереси, почитувањето на сопствените интереси. Меѓутоа, тоа е така во една ситуација кога попуштањето од било која страна не се смета за огромна концесија и попуштање, а потполно е јасно дека само низ тие концесии што реално се изнудени заради состојбите во Словенија и на воиштето и помеѓу Словенија и Југословенската народна армија единствено можат да отворат некои перспективи за смирување. Најклучното прашање е прашањето на вопсоставувањето на претходната состојба на границата. Тука ние или ќе влеземе во евентуален мирен расплет или, не сакам да драматизирам, меѓутоа, морам да кажам пред Собранието дека ќе ја отвориме најрадикалната разврска на југословенската криза. Едноставно нема во овој момент се уште доволно волја и разбирање дека состојбите на границата, доколку пронајдеме што е тоа што фактички го задоволува значењето на претходната состојба, фактички каде може да биде армијата и каде била, кој ќе ги извршува полициските контролни функции на премините, а кои царинските и за што може да се дојде до согласност и помалку или повеќе таа постоела пред да настапи 25 односно 26, раздружувањето на Словенија сега е толку дијаметрална спротивставена и одалечена што на тоа навистина ќе мора да се вложат сите напори и организирано и понатаму под претпоставка дека и времето на ова може да се скрши,

да се најде соодветно решение. Тука е во игра на најзначаен начин договорот со Европската Заедница и интерпретацијата што ќе мора да ја даде Европската Заедница на својата гаранција, што инаку ја дефинираше како сопствена обврска спрема тоа дека Хрватска и Словенија ќе ги извршат своите обврски од трите договорени точки, а една од клучните, се разбира е воспоставувањето на претходната состојба заради суспендирањето на извршувањето на нивните декларации за сувереност и самостојност. Каква ќе биде таа интерпретација може да ни ги отвори вратите кон солуција или може да ја утврди позицијата на една од овие две сега преговарачки страни до мерка што ќе ни оневозможи да најдеме таква солуција и тогаш, не би сакал да ве убедувам дека ќе настапат навистина драматични околности. Ние постигнавме една ваква спогодба и со тоа би сакал да ја охрабрам и јавноста иако е сега скоро погубно човек да каже нешто што може да звучи оптимистички бидејќи не знае тој истиот што утрешниот ден и идниот саат може да измени, крајно неизвесен тој расплет. Меѓутоа, дојдовме до заедничко сознание и тоа го презентиравме дека постои целосна спремност да се исполнат сите точки на ова што се ставови на Претседателството, и дека се работи на остварувањето на тие точки. Тоа е наша заедничка изјава од синоќешната и денешната рунда на преговорите. Дека постојат инциденти во спроведувањето на овие ставови под точките дека постојат различни информации и врз основа на тоа тврдење за различни фактички состојби. И дека поради тоа ние се согласивме, неопходно да проработат комисиите за надзор за да може низ аргументи од теренот и експертиза објективна и арбитража објективна да се расчистуваат инцидентите. Инаку, ако ни се гомилаат иницидентите тогаш веднаш ќе дојдат проценките дека

III/3.-

не се почитува прекинот на огинот, ако не се почитува другата страна ќе врати ние се наоѓаме во воена состојба, тоа е потполно јасно.

Се бара гаранција од Претседателството дека нема да се изврши нова агресија, како што ја нарекуваат. Претседателството ја даде таа гаранција во точката 7 од ставовите кога бара апсолутно да се почитува прекинот на огинот и во таа смисла нема реална потреба, меѓутоа, кога се инсистира на сето тоа јас ќе предложам Претседателството во понеделник кога ќе ги извшри анализите на спроведувањето на овие ставови, а значаен е вечерниов и утрешниов разговор на врвот, како што го нарекуваат кој ќе даде и нови поединости и нови согледувања да се даде и додатна гаранција. Ќе предложам после тоа нешто што евентуално и ние би можеле да го направиме во таа смисла, бидејќи очигледно е потребно широки гаранции и декларации за неупотреба на сила, за рспектирање на правото на самоопределување, на правото на сувереност на републиките, во овој случај на Словенија итн.

Од тоа како ќе се определиме за дефиниција на фактичката состојба на границата што постоела и што треба  да се воспостави уште еднаш, сеедно дали се работи за мораториум од 90 дена или не, ќе зависи во најголема мерка дали ние ќе пронајдеме во моментов и врз база на овие ставови и излез од конкретната ситуација при што од огромно значење исто така е што значи мораториумот, што е целта на мораториумот и кои активности и со каква динамика треба да се спроведува мораториумот? Дали е мораториумот и суспензијата на извршувањето на актите за сувереност на овие две републики вовед на една нова фаза на барања

на решенија за идните односи во Југославија, и ние 90 дена на мир за да се завршат овие започнати процеси на осамостојување на овие две републики и да се пронајдат механизмите кои што по договорен пат ќе гарантираат дека во мир може една таква постапка во Европа денеска и во Југославија да се оствари. Тоа е крупно прашање и се согласувам дека околу мораториумот, не знам дали тоа може веднаш денеска Собранието да го направи, но Републиката мора да го направи врз основа на проценка на сите свои опции и на проценка на објективните опции за разврска на југословенската криза како да се постави спрема прашањето на значешето и интерпретацијата на мораториумот.
Треба да се расчисти со Европската Заедница, исто така, и тука е од прилика цлеиот модел врз кој што сега ние го базираме тој уставен оптимизам, така да речам, какви се тие гаранции што Европската Заедница може да ги даде за да се оствари договорот од трите точки, што значи прекинот на непријателствата и регулирањето на враќањето на претходанта  состојба преку мораториумот. Тоа ќе го расчистиме уште веднаш со министерската тројка која што доаѓа по одржаниот Министерски совет во Хаг, каде што е донесена уште една декларација за ситуацијата во Југославија, каде што има нови моменти, а кои што стануваат и потполно јасно и децидно се дадени претходните ставови односно претходниот квалитет спрема југословенската заедница. Нормално се инсистира на неупотреба на сила, на неусловување на преговорите, мирно базирање врз меѓународните документи за кои што зборувавме, каде што се потенцира прашањето на правото на народите на самоопределување, но во согласност, како што всушност тоа е регулирано, бидејќи не се работи за никаков хаотичен

однос со повелбата на обединетите нации, со релевантните норми на меѓународното право, вклучувајќи ги оние што се однесуваат на територијалниот интегритет на земјите односно државите, а што е се апострофирано како европски однос во Париската повелба, што оваа земја ја прифати.

Она што е извонредно значајно, и на што треба да му се посвети големо внимание е изјавата на Европската Заедница дека сите во Југославија треба да сфатат дека реално е настапена нова ситуација. Што значи таа нова ситуација, од таму потребата навистина низ конкретен однос ние да ја дефинираме таа нова ситуација и да видиме во колкава мерка, дали сосема, дали во доредена мерка она што го имаме како политичка позиција на Републиката коенцифира со таа нова ситуација и може да не води во разврска и низ таа нова ситуација, или е потребен нов напор да се изврши адаптирање на нашата позиција.

Прашањето на Југословенската Народна Армија може да се смета дека е остварена нормална релација Претседателство на Југославија - Југословенска Народна Армија, притоа вие ги знаете консталациите во Претседателството, знаете во крајна линија дали во Претседателството може да се одлучува со афирмација на рамноправноста на републиките кога нашите гласови таму не се рамноправни заради трите гласови на Република Србија и отежнатата мисија да се одбрани таа рамноправност во конкретното одлучување што по процедурата што е уставна и деловничка базира на изјаснување. Тоа треба да се има предвид и од таму и проблемот оваа релација Претседателство на Југославија Југословенска Народна Армија, значи Претседателство на Југославија како Врховна команда да се држи на неопходното ниво на политичката контрола што се бара и во земјата и во странство од нашите партнери. Јас

III/6.-

би сакал веднаш да кажам дека не може да има ниедна друга определба и не смее Претседателството да се согласи со ниедна друга определба од армискиот врв, од главниот штаб, од било која армиска структура освен таа апсолутно да се истрае на мирно решение на овој случај на Словенија и воопшто на разврска на се  пошироката акутна ситуација во Југославија.

Во таа смисла сакам веднаш да кажам дека и јас прифаќам бројни и изливи на незадоволство со начинот на кој што врвни армиски луѓе настапија пред јавноста во минатите днеови. Јас се согласувам дека армијата не може да се стави во положба во која што сега се наоѓа во Словенија, меѓутоа, исто така се согласувам дека е потполно нерационално, крајно опасно од високо армиско ниво да се врши определба на Југословенксата Народна Армија, а потпотлно дефинитивен начин и без алтернатива за употреба на сила, па дури и да се споменува не селективна употреба на сила по цивилни цели итн. Тоа е едноставно ќе мора да се доведе во ред и тука е во крајна линија и тестот за тоа дали Претседателството на Југославија во уставна смисла може да ја одигра толку деликатната улога во овој момент. Нема големи гаранции, нема никакви гаранции, но тоа е задачата што мислам дека  и од овде треба да се апострофира како јасно сознание на оваа Република за улогата што очекува да биде одиграна и обезбедена во Претседателството на Југославија.

Во слуачјот на Република Словенија и во случајот на Република Хрватска, каде што е навистина крајно деликатна положбата на армискиот состав, на единиците, врзано и за мобилизираноста, значајни вооружени снаги на кои што или армијата одговара со додатна мобилизација или ја условува, сега не е тоа

најбитниот момент, мислам исто така, дека е неохподно во услови на спроведување на овој мораториум како што ќе биде дефиниран за да се расчисти состојбата и да се отвори перспективата на мирна разврска сето тоа ќе мора да се доведе во потполно нормални рамки кои што нема да го загрозуваат процесот на расчистување на југословенската криза. Сега е објективно загрозен тој процес заради напнатоста по пат на присуство на толкави големи вооружени состави во овие две наши републики. Ние навистина не можеме на ниеден друг начин да се поставиме и во овој момент освен дека треба да се обезбеди тој мир по секоја цела. Мислам дека потполно е принципиелно и ова Собрание тоа го направи барем еднаш, бранејќи го правото на нашиот народ и на оваа наша република како суверена држава да го јакне сопствениот суверен статус тоа недвосмислено да му се признае и на словенечкиот народ и на Република Словенија врз база на плебисцитарните резултати, врз база на нивните акти кои што зборуваат за сувереноста и за самостојноста и исто така да се декларира дека нема никој амбиција, зборувам сега за нас, а мислам дека тоа мора да го направи Претседателството, да го узурпира тој автентичен пат што е одбран во една наша република и што може да биде на сличен, модификуван, специфичен начин, пак и на секоја друга република и на секој друг народ во Југославија.

Се разбира договорната варијанта на расплетот е таа што мора веднаш да се стави во релација со оваа непрекосновено право и едноставно е нелогично, се граничи со загрозување на тоа право, отфрлањето на процедурата и прифаќањето, размислувањето за процедура, тоа право да се оствари по пат на договор со останатите, затоа што се работи и за заеднички интереси и за загорзување на интересите на другите ако се потенцираат, или ако

се изведуваат само еднострани акти. Ние не смееме и не сме соучесник на оваа катастрофа што се надвива над сите нас, заради тоа имаме голема одговорност да продолжиме со сите овие иницијативи и со акцијата и да побараме сите републики, сите релевантни државни фактори да дадат гаранции дека нема да се употребува сила во Југославија дека нема тие да употребуваат сила во разврската на југословенската криза. Мислам дека мораме да побараме да се дезангажираат сите воени и паравоени формации и полициски снаги безусловно и во целата земја за да се створат услови за нормализирање на состојбата, за да се створат услови за престанок на мобилизацијата во Југословенската Народна Армија и враќање на нормалната борбена готовност, она што е минимум потребна за да можеме ние да ги извршиме работите по мандатот што ги даваат избраните собранија, повеќепартиските наши структури итн. Воени поклици навистина не требаат, треба разум, одговорност, упорност на оваа линија, затоа што не се доаѓа едноставно до прифаќање кога се вжарени главите и кога се смета дека оружјето може да ја заврши денеска работата што вековите не успеале да ја разрешат.
Мислам дека јасно уште еднаш треба да се определиме позитивно кон суверените права на републиките и на народите. Јас зборував што мислам и на кој начин тоа треба во овој момент заради акутната криза и заради чуството на крајна изолираност да се направи во однос на Словенија, не како принципиелно прашање, а договорната и мирољубивата основа на тоа наше поставување навистина е императив. Мислам дека треба да се согледат објективно во овој момент заедничките интереси не под притисок на војната, не под притисок на дезинтеграцијата, туку под

притисок на она што е објективен процес кој што и понатаму ќе се развива помеѓу републиките во Југославија и во Југославија и во една заедница. И за нив, иако е тоа крајно отежнато во овој момент да се искористат трите наредни месеци, па и понатамошниот период за оживување на преговарачкиот процес.

Ова беа  конкретни информации што сакав да ги дадам, а сега сакам да дадам неколку генерални определби.

IV/1.-JJ/МЛ
ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)
Последните настани во оваа наша Северна Република, Словенија, за жал, укажуваат дека во Југославмја почнува да преовладува воената опција во разрешувавето на натрупаните кризни состојби. Тенденциите на милитаризацијата на општеството, прибегнувањето кон репресија во санирањето на општествените и на меѓунационалните аспекти, запирањето на демократските процеси на секаде во земјата, игнорирањето на социјалните проблеми и одлагањето на нивното решавање, апсолутизацијата на националното како практично единствен критериум за регулирање на сите односи во земјата, помеѓу републиките внатре во републиките, закономерно во изминатите неколку месеци па дури и рапидно не туркаше во употреба на оружје и на воена катастрофа. Неспорно е дека кога ќе се гледаат општоисториските трендови, а посебно релациите во Европа дека политичкиот еестаблишмен кај нас иако легитимизиран преку изборите во сите републики, успеа да наметне еден анахронистички расплет, расплет со најретроградните опции, дезинтеграцијата и употребата на сила. Тоа се факти.

Сето ова бара сериозни размислувања за стратешките содржини на нашиот развој, детерминирањето на виталните интереси, инструментите за нивното остварување и одбрана, како и формулирање на таква политика на Републиката, што ќе гарантира позитивни резултати во економската, политичката, општествената, националната, културната и вкупната комуникациска сфера.

Дали ние овие прашања можеме да ги отвориме и во оваа фаза? Јас мислам дека мораме да ги отвориме. И дали се преокупираме доволно и на објективен и на продуктивен начин со самите себеси, и

секако со своето место во опкружувањето и во светот. И во овие драматични моменти, одговори на овие прашања во Републиката Македонија мора да се произведуваат, затоа што Македонија заслужува една отворена и стабилна перспектива.

Прво, ние мора да ја отфрлиме политиката на сила во земјата, сеедно од која страна доаѓа и сеедно кои се нејзините носители. ние би паднале во крупна историска грешка, доколку на селективен начин ја држиме или еднострано ја третираме употребата на сила.Современиот развој, иако не во дефинитивна смисла, иако нерамномерно, но сепак закономерно гради дистанца од силата како модел на хармонизирање на општествените противречности. Кога би издржале на определбата на отфрлање на репресијата, ние во Македонија би ги издигнале сопствените шанси за модернизација и осовременување во една генерална смисла, како држава до реално ниво и би биле реални во тој случај. И таа политика е во интерес на граѓаните, ги стимулира демократските процеси и ја афирмира Македонија како конструктивен субјект. Таа политика е политика на стабилност во Републиката, но и на нејзина безбедност, бидејќи дезангажирањето на силата како општ принцип и како политичка пракса ги смалуваат опасностите за Македонија, што можат инаку да се појават благодарејќи на геостратешките и геополитичките  констелации околу нас.

Суверена Македонија активно треба да размислува како да ја инструментализира оваа определба низ својот статус и низ своите односи со републиките во Југославија и со останатите субјекти во опкружувањето, соседството и пошироко.

Второ, определбата мирна и доброволна разврска на југословенската криза е интегрален дел на општата концепција на воздржување од употребата на сила.

IV/3.-

Договорните и политичките солуции можат да ги објективизираат нашите интереси и да ги наметнат како рамноправни при регулирањето на меѓусебните односи со другите републики, но и воопшто.

Договорот е клучен принцип за општоприфатлива разврска и ние мораме и понатаму и без предрасуди спрема субјектите на преговорите за било кои идни односи да го проекцираме како првокласно значаен. На таа линија треба да продолжат нашите иницијативи врз основа на сопствените интереси, но и со целосно разбирање на заемноста на интересите на останатите партнери.

Трето, правото на самоопределување и на неговата реализација, кај нас преку квалитетно унапредување на сувереноста на Македонија е принцип што мора да го разбереме во неговото егзистенцијално значење и да го валоризираме низ мудра политика на создавање на модерна држава што нема да загрозува ничии интереси, а ќе биде атрактивна за соработка и комуникации.

Радикализирањето на односот спрема правото на самоопределувањето, неговото динамизирање што нема да биде фундирано на јасни материјални и историскополитички претпоставки, може да ја урне нашата кауза во неповрат и да го загрози македонскиот национален ентитет.

Ние сме должни врз база на сиот ум на оваа Република на историското искуство, способноста за генерализација на општествените процеси, да ги процениме сите аспекти на остварувањето на сопствените, вековни идеали.

Се спротивставувам на секој авантуризам во националната сфера, на секој волонтаризам во осмислувањето на процесите во оваа сфера, на поедноставувањето на националните интереси.

IV/4.-
Афирмацијата на Македонија како модерна заедница и како современа, култивирана држава не зависи од нашите декларации, туку зависи од нашите дејанија, од тоа што го правиме.  Квалитетот и содржините на тие дејанија мораме секојдневно да ги унапредуваме, а историските етапи да не ги опсервираме низ прозаичната призма на она што сакаме да ни се случи, па дури не прашајќи за цена.

Прифаќам дека е историско време. Ние немаме право да бидеме под нивото на тоа време.

Четврто, реалцијата Македонија-Европа не е помалку значајно прашање од било кое друго што е стратешко по карактер за нас. Конвергентноста на нашите определби со европската политичка државноправна хуманистичка културна пракса треба да ја обезбедиме како првокласен политички, државен и национален интерес. Комуникациите, отвореноста, поврзувањето и респектирањето на цивлизациската димензија на Европа не може да се дезавоира во нашиот развој. Треба трпение, треба систематичност во остварувањето на нашата стабилна европска позиција. Тоа не е коњуктурно прашање, тоа е всушност македонското прашање во целината на неговото значење, затоа што во Европа македонското прашање може да биде разрешено. Во демократска Европа националната трансформација со преокупација на градење на односи и поврзување, македонското прашање се издигнува на реален однос на ниво на реален однос и на наше самопотврдување. Мислам дека треба да правиме се да ја смалуваме дистанцата на релација Македонија-Европа и да не правиме ништо што би ја претворило во статус кво или што би ја загрозило.

Петто, времето е сложено, крајно деликатно. Македонија во тоа време, навистина, не смее да изгуби, не смее да биде инфериорна, не смееме да дозволиме да бидеме ранливи. Парцијалните интереси, тесноградоста на политиката, изолацијата на националните

поделби, или што ја раѓаат националните поделби, без перспективноста на осиромашениот материјален статус на Републиката и на граѓанинот, не смеат да бидат алиби за скршнувањата и противинтересите на Македонија во ова и во вакво време. Македонија во ова време, јас сум сигурен, ќе преброди. Во ова време нема да преживеат оние што Македонија ја загрозуваат денеска било со своето чинење, било со своето нечинење.

Благодарам.

СТОЈАН АНДОВ:

Отворам претрес.

Или барате да дадеме пауза.

(Гласови: пауза).

Добро, давам пауза 20 минути.

П А У З А

IV/6.- (ПО ПАУЗАТА)

СТОЈАН АНДОВ:
Продолжуваме со работа.
(Седницата продолжи во 20,40 часот).
Молам, кој бара збор?
Има збор господин Тодор Петров.
ТОДОР ПЕТРОВ:
Бидејќи единствено од сите пратеници има предложено посебни заклучоци за актуелната политичко-безбедносна состојба, ќе си дозволам комодитет истите да ги образложам и да предлжам Собранието, односно македонскиот Парламент по нив да се изјаснува.

Голема е одговорноста на политичките партии кои имаат свои пратеници во Македонскиот Парламент и сите пратеници воопшто, за сегашноста и иднината на оваа Македонска држава.

Затоа, од пресудно значење за функционирањето на целиот систем и држава е безусловното создавање услови за нормално и редовно работење и извршување на поставените задачи во овој Парламент, кои не се ниту мали ниту безначајни.

Токму од тие причини, сметам дека сите пратеници мора, и уште еднаш повторувам МОРА, сосема одговорно пред самите себеси и пред избирачкото тело, редовно и безусловно да присуствуваат на седниците на Македонскиот Парламент, бидејќи според член 26 од Деловникот на Собранието на Република Македонија пратеникот има право, но и должност да присуствува на седниците на Парламентот треба да не заборавaме, дека поголем дел од оние кои не присуствуваат на седниците на овој Парламент се на платниот список на Собранието на Република Македонија и дека народот ги плаќа за да му обезбедат нормални услови за живот и работа.

Ние, а тоа е неспорно, имаме и ќе имаме различни политички погледи по сите прашања за кои одлучува Парламентот. Тоа е и нормално, Ние допрва ќе мора да се учиме на парламентарната демократија и на сожителство со разлики и различни размислувања. Меѓутоа во Собранието на Република Македонија мора да се избегнат притисокот и ултиматумите како метод на работа и мора да се залагаме сите прашања да се решаваат во атмосфера на меѓусебно почтиување, заемна теолеранција и аргументиран дијалог, тргнувајќи од автономијата и самостојноста на секој политички субјект.

Оние партии,кои освоиле пратенички места во овој Парламент должни се пред се овде да ги изложуват своите ставови и предлози за решавање на сите прашања. Ние ќе се надмудруваме, ќе се убедуваме, ќе се контрираме, меѓусебе овде, во овој Парламент пред очите на целата јавност,

сосема одговорно носејќи го секој предизвикот на времето во кое живееме.
Собранијата на Република Словенија и Република Хрватска на седниците одржани на 25. јуни.1991 година фромалноправно го заокружија процесот на осамостојувањето и прогласувањето во самостојни и независни држави.

IV /7.-

Процесот на раздружувањето и осамостојувањето на овие две републики е објективност, а формалноправното прогласување на раздружувањето и отцепувањето односно осамостојувањето е веќе минато свршено време.

Република Македонија, направи се, можеби и најмногу, па дури и да кажеме на штета на својата сувереност, за да се зачува југосовенската заедница но на нови основи, меѓутоа процесите на осамостојувањето на републиките во суверени држави и нивно отцепување од југословенската федерација веќе никој не може да ги спречи и стопира, поготово не со сила и насилство, бидејќи тоа последните настани сосема јасно го потврдија.

Сосема е оправдана загриженоста на сите граѓани во Републиката за безбедноста, сигурноста и мирот на граѓаните, сосема оправдано граѓаните на Република Македонија си го поставуваат прашаањето што ќе се случи со Републиката со чинот на осамостојувањето на Словенија и Хрватска, И добро е што е даден период од тримесечен мораториум, во кој Републиката мора да се престрои и да го надомести сето она што го испушти за времето кое одмина. Малку е времето кое ни претстои, времето на отрезнување, а голема е иднината и историјата што треба да ги градиме и да ги изградиме после ова време.

Ова осамостојување на Словенија и Хрватска ние можеме да го наречеме како сакаме; сецесија, еднostран акт, вандализам, разбивање на Југославија, противуставен акт и тн. Со тие изјави ништо нема да промениме. ЈНА да ја испратиме во составот на најелитните специјални единици составени само од старешински кадар, во крв да го задуши ова раздружување и осамостојување ние повторно ништо нема да промениме. Само ќе ја потврдиме балканската опција на војни и варваризам. Свеста на луѓето во овие републики за осамостојување и живеење во самостојни и независни држави нема да ја промениме. Ако пак се определивме дека републиките се суверени држави, уште помалку имаме право некој да го принудуваме да живее според нашите определби и модели.

Политиката на неприфаќање и на непризнавање на таа објективност одамна падна во вода, бидејќи беше осудена на пропаст уште во самиот старт.

IV/8.-
Распаѓањето на ваква Југославија каква што ја познаваме, е неминовен историски процес кој за наредниве три месеци мора да се разреши ако не сакаме да бидеме сведоци на уште поголеми разорувања и вооружени непријателства.
Влада која мисли пак да ја управува државата само со економски мерки и реформи со сомнителни економски резултати, апстрахирајќи се од политичките прилики и неприлики, осудена е на пропаст, Тоа што СИВ честопати се апстрахираше од политичките прилики и неприлики во Југославија, не секогаш можеби и по сопствена вина, му се врати како бумеранг со распаѓање и огромни разурувања на земјата.
Генералите на ЈНА направија една авантура да водат политика и договорот да го заменат со оружје и репресија. Секаде во светот таквата авантура на било кои генерали да ја заземат цивилната власт пропаѓала и пропаѓа. Затоа и оваа авантура на југословенските генерали пропадна. Тоа од своја страна отвора процес на целосно реконструирање на генералштабот, на концепцијата на народната одбрана , употребата на заеднички вооружени сили и слично. Зошто ЈНА во оваа војна беше искомпромитирана, девалвирана, и во крајна линија претворена во полигон каде што ќе се прекршеа сите апсурди на југословенската криза.
Од ова место повикувам, пред се, на разум, мудро и паметно расудување, политичко единство за стратешките и виталните интереси на Републиката, надвор од теснопартиските интереси и политички определби и цврсто верувам дека сите стоиме на исти позиции по однос на тие стратешки прашања. Иако е потребна поголема флексибилност, исфрлање од употребата на политичкиот маркетинг во работата на овој Парламент без меѓусебни напаѓања и девалвирања.

IV/9.-

Малку не има за да и самите се уништуваме меѓу себе. Бидејќи најлесно е, пред се, некој да се направи за непријател. Философија е непријателот односно противникот да се направи пријател или да се доведе во позиција да не почитува. Ако тргнеме од постулатот секој човек има своја вредност, во дадено време и простор, тогаш да настојуваме сите во останатите да ги бараме позитивните а не негативните вредности.

Затоа сметам дека Собранието од она што го предложи како заклучоци би требало да ги прифати следните заклучоци во оваа форма.

Затоа Собранието на Република Македонија и понатаму останува на својата определба за решавање на југословенската криза по мирен и демократски начин за целосно почитување на суверeноста, територијалниот интегритет и рамноправност на сите републики како суверени држави во СФР Југославија, за неповредливост и непроменливост на внатрешните граници меѓу републиките и почитуваше на волјата на народите и граѓаните изразени преку легитимндта и легална власт во секоја република која единствено полага легитимно, легално и суверено право на сопствената територија.

Во согласност со ова, Собранието на Република Македонија ја осудува постапката на раздружување и отцепување на делови од територијата на било која република и нивно припојување кон територијата на друга република, создавање на посебни територијални единици со обединување на делови од територијата на две односно повеќе републики со промена на внатрешните граници меѓу нив, или формирање на нови автономии во рамките на републиките.

IV/10.-
Собранието на Република Македонија и натаму инсистира, без одлагање, веднаш да продолжат мултилатералните и билатералните разговори помеѓу републиките како суверени држави во југословенската заедница за основните заеднички функции што ќе понудат конкретни решенија за односите во идниот сојуз на суверени држави.
Собранието смета дека за конституирањето на Претседателството на СФР Југославија и изборот и прогласувањето на претседател и потпретседател на Претседателството на СФР Југославија согласно Уставот на СФР Југославија и редоследот за избор и прогласување на претседател и потпретседател утврден со Деловникот на Претседателството на СФР Југославија, од пресудно значење заради редовно извршување на неговите со уставот утврдениате права, обврски и надлежности и функционирањето на Врховната команда на оружените сили на СФР Југославија.
Истовремено, Собранието на Република Македонија бара Претседателот на Републиката и членот на Претседателството на СФР Југославија од Република Македонија да ги интензивираат меѓусебните консултации, разговори и соработка со институците на Европската Економска Заедница и членките на Европската заедница претседателите на републиките, претседателите на претседателствата на републиките и Сојузниот Извршен Совет околу изготвувањето Договор за пристапување кон Сојуз на југословенските суверени држави, врз основа на Платформата за југословенската заедница подготвена од претседателите на Република Македонија и Република Босна и Херцеговина Киро Глигоров и Алија Изетбеговиќ.
Исто така, Собраниего на Република Македонија ја истакнува потребата од меѓупарламентарна соработка меѓу републиките и во таа насока истата ќе ја интензивира и испрати парламентарни мисии на добра волја до сите Парламенти на Републиките во СФР Југославија заради размена на мислења и постигнување мирољубиво решавање на, југословенската криза.
Собранието на Република Македонија останува на ставовите за осуда на секое насилство во земјата и републиките и употребата на ЈНА, во решавањето на внатрешните меѓупартиски и меѓунационални судири во републиките, меѓурепубличките судири и меѓусебните непријателства со републичките оружени сили.

IV/11.
Собранието на Република Македонија, ја нагласува својата определба дека Југословенската Народна Армија како активен дел на заедничките оружени сили во Југославија треба да ја штити и брани само независноста, интегритетот и територијалната целокупност на земјата од надворешна агресија.
Притоа, Собранието укажува дека Претседателството на СФР Југославија во било каков состав, Генералштабот на ЈНА или било кој друг орган не можат да ги ангажираат единиците на ЈНА на територијата на Република Македонија без претходна согласност на Собранието односно Претседателот на Републиката,
Само Собранието односно Претседателот на Републиката го утврдуваат постоењето на непосредна воена опасност, прогласуваат воена или вонредна состојба и може да дадат согласност на употребата и ангажирањето на единиците на ЈНА односно оружените сили на СФР Југославија во мир и во војна натериторијата на Републиката или на нејзин дел.
Доколку Претседателството на Југославија во било каков состав, Генералштабот на ЈНА или било кој друг орган ги употребат односно ангажираат единиците на ЈНА на територијата на Република Македонија или на нејзин дел, без претходно добиена согласност од страна на Собранието односно Претседателот на Републиката, таквиот чин се смета за агресија и окупација на Републиката. Во таков случај, владата на Република Македонија добива посебни овластувања веднаш да побара заштита на мирот, безбедноста и сигурноста на граѓаните и државјаните на Република Македонија и заштита на независноста, интегритетот и територијалната целокупност на Републиката од Европскиот Парламент Советот за безбедност на Организацијата на Обединетите Нации.
Имајќи го во предвид ескалирањето на оружените непријателства меѓу ЈНА и Територијалната одрбана и Милицијата на Република Словенија, Собранието на Република Македонија упатува апел до Сојузниот Извршен Совет, ЈНА и Собранието, Владата и Претседателот на Република Словенија за итен прекин на меѓусебните оружени судири, повлекување на единиците ва ЈНА во касарните и миројубиво решавање на отворените прашања со преговори и договори.

IV/12.-
Собранието на Република Македонија изразува длабоко жалење поради направените огромни материјални разорувања и човечки жртви и повикува на итно и безусловно прекинување на сите воени активности на целата територија наземјата, со цел создавање нормални услови за водење разговори за решавање на сите спорни прашаша по мирен и демократски начин.
Заради натамошното продолжување на оружените непријателства во земјата, за кои Република Македонија со ништо не придонесе, Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Републиката да ги превземе сите мерки и активности за демобилизирање на резервниот состав на ЈНА и ТО во Републиката кој што веќе е мобилизиран, и суспендирање на сите одлуки за дополнителна мобилизација заради испраќање во кризните подрачја надвор од Република Македонија.
Сакам да напоменам дека даде јасно ветување пред ова Собрание дека ги подготвува актите за неприменување на одделни одредби од Сојузниот закон за народна одбрана и воена обврска, кои како обврска на Владата се сеуште стојат, а не се извршени до ден  денеска.
Доколку пак и понатаму продолжат оружените непризателства во земјата, во кои ќе биде вовлечена и ЈНА, се задолжува Владата на Републиката да ги превземе сите мерки и активности со ССНО за организирано враќање на воените обврзници од Република Македонија на доодслужување на воениот рок во Републиката, а понатамошното регрутирање на воените обврзници од Република македонија за одслужување на воениот рок да се врши во единиците на ЈНА на територијата на Република Македонија,
Катастрофално ќе биде повлекувањето на војниците и војните обврзници на ЈНА од нашата Република во овој момент, заради тоа што со повлекувањето на војниците и од другите републики, практично ЈНА ќе стане српска војска.

IV/13.-
Се задолжува Владата да ги преиспита сите можности и обезбеди правна и секаква друга помош и заштита на воените обврзници од република Македонија кои ги напуштиле единиците на ЈНА за време на воените активности на кризните годрачја во земјата каде што се употребени единиците на ЈНА.
Собранието на Република Македонија утврдува дека Република Македонија е цврсто заинтересирана и определена за градење на добрososedски односи со соседните земји врз принципите на мирољубива коегзистенција на сите народи и држави на Балканот и овој дел од Европа непроменливост и неповредливост на постоечките утврдени и мезѓународно признати меѓудржавни граници меѓу државите на Балканот, мирно и демократско решавање на сите меѓусебно спорни прашаља, мир, соработка и заемна безбедност и сигурност; почитување на човечките, граѓанските и малцинските права и слободи во духот на КЕБС.
Затоа, Собранието на Република Македонија го поддржува процесот на перманентно парламентарно и вонпарламентарно приближување со соседните земји на секое ниво без никакви предрасуди, хипотеки и условувања.
Притоа, тука е важно да истакнеме:
Собранието на Република Македонија, притоа, јавно изјавува дека Република Македонија нема никакви територијални претензи ниту према Народна Република Бугарија, ниту према Република Грција, ниту према Народна Република Албанија, ниту према Република Србија, ниту било кога ќе превземе мерки и активности со кои ќе предизвика повреда или промена на постеечките утврдени и меѓународно признати меѓудржавни граници на Балканот, а се залага за отворени граници и непречено движење на луѓе, идеи и капитал во интерес на мирот, безбедноста и соработката на Балканот и создавање на мостови на пријателства.
Собранието на Република Македонија укажува на потребата од постигнување максимално политичко единство меѓу партиите застапени со свои претставници во Собранието и вонпарламентарните политички субјекти, ценејќи ја сложеноста на ситуацијата и одговорноста што Македонскиот Парламент и пратениците ја имаат за сегашноста и иднината на републиката.

IV/14.-
Во тие рамки, пожелно е присуството и на пратениците од Партијата за демократски просперитет во Македонија и Народната Демократска партија во Македонија на седниците и во работата на Македонскиот Парламент,
Собранието на Рецублика Македонија притоа се залага да се избегнат притисокот и ултиматумите како метод на работа и инсистира сите прашања да се решаваат во атмосфера на меѓусебно почитување  заемна толеранција и аргументиран дијалог, тргнувајќи од автономијата и самостојноста на секој политички субјект, со цел создавање услови за редовно и нормално работење на Македонскиот Парламент со присуство на сите избрани пратеници.
Република Македонија и понатаму останува на определбите содржани во Декларадијата за сувереност на Република Македонија, Платформата на Република Македонија за идното уредување на Јурославија и Платформата за јурословенската заедница поднесена од претседателите на Република Македонија и Република Босна и Херцеговина Киро Глигоров и Алија Изетберовиќ, што ја прифати и Македонскиот Парламент а спремна е да го разгледува и разговара и по предлогот за сојуз на суверени држави од Република Словенија, Република Хрватска и Сојузниот Извршен Совет.
Истовремено, Република Македонија е согласна веднаш да се утврдат принципите за спогодбено регулирање  на меѓусебните права и обврски од досегашното заедничко живеење во Југославија, како и да се утврдат минималните функции за функционирањето на Југославија во преодниот период до постигнувањето заеднички договор за идното уредување на југословенската заедница како сојуз на суверени држави или издвојувањето на републиките надвор од Југославија и нивното конституирање како самостојни и независни суверени држави.
Затоа, Собранието на Република Македонија од Сојузниот Извршен Совет бара итно и неодложно да ги утврди меѓусебните права и обврски од досегашното заедничко живеење во Југославија меѓу републиките и према странство и изврши попис на имотот и средствата на сојузната администрација и Федерацијата од досегашното заедничко живеење, а Владата на Република Македонија ја задолжува да ги утврди обврските и побарувањата на Република

IV/15.-
Македонија од досегашното заедничко живеење во Југославија према и од другите републики и странство и попис на имотот и средствата на Република Македонија во другите  републики и имотот и средствата на другите републики во Република Македонија.
Се задолжува, Владата на Република Македонија да ги подготви Уставниот закон за прогласување на самостојна и независна Република Македонија согласно членот 7 од Декларацијата за сувереност на Република Македонија и сите акти од уставноправен и законодавен карактер со коишто  Република Македонија како самостојна и независна држава ќе го преземе извршувањето на своите суверени права.
Собранието на Република Македонија смета, дека самостојноста и независноста на републиките, оттука и на Република Македонија, е еден од основните предуслови за пристапување кон идниот Сојуз на суверени држави.
Доколку по мирен и демократски начин сите републики во ЈУгославија постигнат договор за конституирање на југословенската заедница како Сојузна суверени држави, со денот на пристапувањето кон тој договор Собранието на Република Македонија *ќе* ја прогласи својата самостојност и независност и донесе акти од уставно-правен и законодавен карактер.

V- /1/дб/лб
ТОДОР ПЕТРОВ (продолжение)
Ако една Република како суверена држава се издвои, раздужи, прогласи самостојност и независност односно се осамостои надвор од Југославија, Република Македонија ке го отпчне процесот на своето осамостојување надвор од остатокот на Југославија,. Меѓутоа доколку по мирен и демократски начин не дојде до постигнување на додоговор за конституирање на југословенската заедница како сојуз на суверени држави или би биле загрозени виталните интереси на Републиката: државноста, усвереноста, територијалниот интегритет, самостојноста, независноста и националниот индентитет за што во оценка ке донесе ова Собрание, СОбранието на Република Македонија веднаш ке ги донесе актите за самостојност и независност ке побара заштита и помош од меѓународната заедница за добивање на меѓународно признат неутрален статус на демилитиразирана зона со меѓународни гаранции од ЕЕЗ и ООН и ќе побара заштита на мирот, безбодноста и сигурноста на нејзините државјани и суверенитетот, територијалнито интегритет и целокупност, самостојноста, независноста и националниот идентите од меѓународната заедница, пред се од ЕЕЗ и ООН. Доколку не се постигне заеднички договор на сите републики за идното уредување на југословенската заедница како сојуз на суверени држави, Република Македонија се залага за мирно и спогодбено раздружување и издвојување односно осамостојување на сите Републики од Југославија како суверени, самостојни и независни држави, со меѓусебно призната самостојност и независнот и меѓународно правен субјективитет кои  меѓусебните односи ќе ги утврдуваат во билатералните и мултилатераните договори и спогодби.

V /2
Исто така предлагам Собранието да го усвои заклучокот:
- Времетраењето на изготвувањето и донесувањето на новиот Устав на Република Македонија се утврдува најмногу до 3 месеци од денот на доенсувањето на овие заклучоци.
Сметам дека во овој 3 месечен период на мораториум прво треба да го донесеме уставот на Македонската дражва, да направиме напори за свикување на светски македонски конгрес како највисок парламент на Македонците од целиот свет во фукција на македонскиот народ и маекедонската држава со сите нејзини граѓани заради интернационализација на македонското прашање, да утврдиме ставови за целисходноста на одржувањето на референдумот, кога веќе некој Републики тоа го сторија, да се донесат сите акти од Уставно правен и законодавен карактер за осамостојвуање на македонската држава и она што е примарно и основно, да се свртиме кон економските проблеми и состојбите во стопанството, бидејќи за да држиме макар и пушка во рака прво треба да го наполниме стомакот.
На крајот едно укажуивање до Владата , да ги информира пратениците за милитантните истапувања на одделни партии, пред се СК Движење за Југославија,  со формирање на посебни единици на бародниот фронт и совети за Народни фронт во општините.
ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:
Кон чинот на мобилизацијата пристапив од едноставна причина само да не бидам блfactиран во јавноста бидејќи својата работна задача и обврска не се ја изрши совено општинскиот секретаријат за НО на општина Прилеп.
Патот по кој што поминаа мобилизираните од Прилеп до оној момент додека бев сонив е вистинска голгота.Приемот на мобилизираните граѓани во Прилеп, од одржувањето на говорот на високот воен старешина во гарнизонот , ограниченото движење во кругот во

гарнизонот во Прилеп, на одреден простор, слободно можам даречам 250 метра на 250 и обиколен со 20 стражари наоружани со автоматски пушки. Потоа во другиот ден испраќањето на истите тие мобилизирани меѓу тие и јас во автобуси каде што се наоѓаат исто така по 4 стражари, вооружани војници од активниот состав, пратеше до Куманово каде што, на жалост, таму не бевме примени бидејќи никој не знаеше што се работи сона, се вративме назат на стрештето во Петровац и кога слеговме таму бевме ослободени од придружбата од стражари наоружани со автоматски пушки.
Не информираноста на старешинскиот кадар кој што исто така е од резервниот состав, од мобилизираните кои не знаеја да ни кажат каде одиме, зошто сме мобилизирани, што ќе работиме, ќе изведуваме ли обука, вистина е прав хендикеп.
Сместувањето, исто така, е посебна приказна меѓута да не навлегуваме во тоа секогаш се немаат такви услови и да не одземам во таа смисла од времето, но неможам да не кажам за одстранувањето на старешинскиот кадар кој што беше заедно мобилизиран со нас кога стигнавме на стрелиштето во Петровац и бевме ние цел батаљон распоредени во батаљоните од Куманово, исто така од резервниот и активниот состав на единиците на гарнизонот од Куманово каде што лично во мојот Вод беше одреден старешина, нажалост облечен исто како мене во војничка униформа без некакви атрибути на обележување дали носи некој чин, дали е тоа водник, потпоручник итн.
Во понеделникот кога се јавив јас кај старешината, командантот на батаљонот. Тој ми рече не сум јас , повеќе неможам ништо, ќе се обратиш кај потполковникот Стојановиќ Милан. Кога влегов во канцеларијата кај господинот Стојановиќ Милан му се обратив, бидејки имав покана за да дојдам овде во Собранието на Македонија да расправаме во Комисијата за надворешно политички односи со странство.

V /4

На прашањето кој сте вие, следи одговор, јас му кажав, јас сум Јовчевски Цветан, пратеник во Народното Собрание на Македонија, значи вие сте тој кој што ги купивте гласовите. Му викам, господине потполковниче јас никогаш не сум купил гласови, мене легално ме избра народот од изборната единица од каде што сум избран и му викам,  ве молам господине потполковниче да се дистанцирате, бидејки го навредувате мојот личен интегритет. Сега тој ми поставува прашање, вика, како одиш во Парламентот. Му викам во Парламентот одам во цивилно одело: со врска, со кошула, со костум, со чевли. Каков си, вика, ти. Каков сум, таков сум, каков што ме сторила природата, таков ке бидам и таков ке живеам. Е, вика, каов си ти, таков ти е Парламентот , таков ти е народот. Јас и уште еднаш му викам, ве моилам господине потпуковниче, да се оградите од таа дискусија бидејки лично ме навредувате мене и мојот народ од каде што потекнувам. На сето тоа човекот зачуте, меѓутоа се јави еден стар водник кој вика прекрати немој да зборуваш. Јас барав или да бида ослободен или да го најавам моето отсуство за неприсуствување. Навистина ми дадоа 1 час време, јас се врати за поското време, би како би заврши таа приказна, но искрен да бидам,, најодговорно тврдам за цело време додека бевме во гарнизонот во Прилеп бевме опкружени со војници од активниот состав наоружани со автоматски пушки и ако човек побараше од мобилизираниот состав да појде да си ја обави својата физиолошка потреба, обавезно покрајнего одеше и војник цело време и до клозет. Нај одговорно тврдам оти го имаше и тоа. Ако човек отидеше од цистерната да се напие вода, исто така ќе му рече еј друже неможеш да идеш тамо, не ми на мене, вика, да те пуштам". Мислам, се работеше за војниците кои си ја вршеа својата задача, така им било наредено.

V /5
За Петровац јас кажав како бевме разместени, расфрлени сите во други единици, што значи од нашиот Баталјон кај што појдовме, не остана ништо, буквално ништо, капетанот што не водеше, командантот на батаљонот остана без војска, исто така и нашите старешини кои беа од резервниот состав останаа отстраните во шатор, бидејки , навистина, немаа свое задолжување, со исклучок на двајца или тројца водници на кои им се даде по некој вод да командуваат.
Со враќањето во Куманово, односно капетанот од Кумановскиот гарнизон, на батаљонот тенковски, Кирил Христовки, на прашањето од војниците дали ќе одиме во Словенија или Хрватска вика ќе се оди другари, ќе се оди. Вика ако беше ланската година ќе плачеа други мајки и деца, ако беше идната година пак ќе плачеа други мајки и деца, а оваа година ќе плачат вашите мајки и вашите деца. На прашањето на мобилизираните група од нив, не сакаме да убиваме цивили и деца, почна да пцуе со највулгарни зборови, што би рекол народот и кучето на опашката што не го носи, со толкави вугарности што просто би се гадел еден обичен смртник. Кој се тие, вика, кукавици кои не сакаат да одат, нека се тргнат пет чекори назад и ке бидат стигнати од моето оружје, како тој кукавицата така и неговата фамилија. Би како би, заврши гагањето на полигонот во Петрова, се вративме во касарната каде што таму, навистина, 240 се мобилизирани од Прилеп, одбивавме, меѓу нив и јас да примаме храна од третманот со кој бевме и дотогаш услужени. Во меѓувреме исто така се врати од стрелиштето истиот господин капетан I класа Христовски, му укажа капетанот од редовниот состав искрен да бидам ми беше командир на чета но не го запамтив ни името ни презимето, знам да е маѓар по потекло, да неговите мобилизирани војници кои се донесени да ја пополнат единицата ја одбиваат храната. Со највулгарни зборови.

се обратив, нека у..., да не зборуваме, на кое нешто укоревме дека не е тоа коректно така да се однесува. Па кога сум тука за гладот би му поставил на господинот министер за народна одбрана, Дамјановски дали знаеше за протестот на 240-те македонци во касарната Христијан Тодоровски Карпош во Куманово иако знаевте не ја информиравте јавност а ако не знаевте зошто не знаевте 3 дена се протестираше со глад.
Исто така кога сум тука уште едно прашање до господинот Ристо Дамјановски и до господинот претседател Стојан Андов зошто на чело на сите 5 армиски области во Југославија, во овој момент се наоѓаат генерали срби, кога за тоа не постои никаква уставна одредба нити пак уставно право.
И уште нешто да ви кажам. Во тие расправии кога дојдов, со одредениот број, мислам високи старешини не најдовме заедничко,имавме прилика да дојде заменикот на третата армиска област, искрен да бидам ниту се претстави, ниту можам да кажам како се вика, но знам по чин дека е генерал потпуковник. Ние напишавме во писмен состав барање од 5 односно 6 точки, кои точки беа проследени до надлежните високи старешини а истите тие го проследија до командата,мислам до 3-тата армиска област на кое нешто по извесно време се одзва командата на третата армиска област и пристигна дотичниот генерал.
Со самото доаѓање тој почна да мавта со листот хартија кој беше од нас напишан своерачно, од мобилизираните граѓани кои што протестиравме со глад. Кој го опишуваше, вика, ова, а ние во хор му одговоривме сите ние. Па вика, се гледа дека сте вие полуписмен народ. Што барате, своја ли држава, своја ли војска, тоа неможе.
Вие немате школи, вие немате тенкови, вие немате кадар, вие немате ни луѓе кои ќе ве водат. Кој е тој Кљусев што дава такви изјави, која е таа Влада, јас не признавам никаква Влада, никакво раководство. Овде сте во ЈНА и само таа може да дава наредби за

мобилизација и демобилизација на армијата. Се јавив јас за збор, не го обоусловив ни со господине, ни со другар генерале туку со зборовите  генерале вие неколку пати во својата дискусија го спменавте нашиот претседател на Влада, но би ве молел тој е легитимен претставник на Владата избран од Македонскиот парламент , а посебно господинот Кљусев претседѕтел е на таа Влада и ќе биде се дотогаш додека ги застапува интересите на нашиот народ и кога народот ќе оцени и увиди дека не ги застапува интересите ќе биде сменет. На сето тоа  тој премолче господинот генерал но понатаму ја сврте темата сосема во друга насока.  Другиот ден бидејки не завршија разговорите се настави дискусијата но во присуство на членови од секретаријатот од ЗНО од општина Прилеп. Кога стигнаа тие одеднаш ме известија, најверојатно причинте незнам, вика дали се наоѓа овде човек кој што работи во Парламентот. Викам јас сум тој. Вика под хитно ве бараат да одите, Парламентот одржува седница, раздолжете го оружјето и да се јавите под хитно. Викам , генерале дали има некакво обезбедување на возило да стигнам јас до Парламентот што побрзо. Па вика каков сте вие пратеник кога немате никакво возило и неможете да се снајдете. Исто така од оваа говорница да инсистирам, бидејќи денес прочитав во средствата за информирање, вчера јас бев присутен кога се даваше информација за печатот, оти, барем така јас имав некој дослух оти кумановци  некој негираат за околу стражата. Јас и тогаш кажав на новинарите оти бевме опколени со стражари во гарнизонот во Прилеп не пратеа до Куманово каде што таму не бевме прифатени и до Петровец каде што останавме така без да знаат другите старешини што доаѓаа, а не се работеше за обиколување на мобилизираните војници за во гарнизонот во Куманово. Се работи за гарнизонот во Прилеп.

VI/1- РД/ЉР

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ: (продолжение)

Исто така, во тие разговори навистина има луѓе кои можат да ги сватат проблемите, а исто така наидовме на убедување кај луѓе кои се колнеа во чесен комунистички збор, во ова време, во овој плурализам, лично имав прилика да го слушнам тоа, од господинот потполконвник Горѓе од Кривогаштани, ми се чини беше Пејчиновски ветуваше чесен комунистички збор дека ќе може да го реши проблемот.

РИСТО ДАМЈАНОВСКИ:

На пратеничко прашање ред е да се одговори. Јас како министер за народна одбрана ке се обидам да дадам одговор. Мобилизацијата која е извршена има два дела. Првиот дел е оној кој го извршува Министерството за народна одбрана преку своите органи во локалните општини. Тој дел мислам е завршен со давањето на знакот на мобилизација и врачување на позивите на војните обврзници. Тие се јавуваат на моб.збориште во тој момент обврските ги презема ЈНА или територијалната одбрана. Прашањата што беа поставени на овој дел пратеникот Јовчевски нема забелешки. Забелешктие се на вториот дел кои се однесуваат од прифатот во ЈНА Вие овде изнесовте група прашања, јас на овие прашања не можам категорички да одговорам. Ако дозволите за тие прашања јас ке ја посетам оваа единица и ке разговарам со генералот Трока за овие сите проблеми. Лично не можам да сватам дека има еден така груб однос, но не можам ни да негирам, и вам морам да ви верувам но морам и фактичката состојба да ја проверам и ако ми дозволувате на наредната седница да дадем точен одговор на овие прашања.

VI/2.-

Вториот дел што се однесува до командантите на нашите воени области можам да ви кажам дека командант на првата воена област до денес е генералот Спирковски Ацо од Прилеп. Према тоа, имаме македонец на една од најголемите воени области во СФРЈ а во другите навистина имаше одредени измени кои беа даднеи и во Печатот. Значи дел давам одговор, а дел ќе го добиете писмено или на наредната сендица по проверка на поставените прашања.

ДРАГИ АРСОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Мислам дека никогаш толку голема потреба немало одтколку сега да апелираме за мир и мирно решавање на кризата во земјата и за воздржување од било какви посегања по оружјето, не само заради нашата безбедност и углед, туку и заради светската јавност. Зарем требаше да го доживееме ова време, време на агресија за да на сите нас ни стане јасно дека Југославија таква каква што беше повеќе не може да постои. Сега веќе сите сфативме дека единствен излез од кризата е мирниот договор за разидување и решавање на разврската. Велам разидување бидејќи единствена Југославија повеќе никој не може да ја врати, уште помалку со воена интервенција. Таквото одржување на Југославија повеќе никој ниту го сака ниту го поддржува. Ни кај нас ни во светот. Напротив, употребата на сила за зачувување на Југославија го осуди и белата куќа и министерот за надворешни работи на Германија кој изјави дека повеќе не е можно да се одржува единството на Југославија со примена на сила. Уште помалку силата ја одобрува Европа и Европската Заедница со чија помош, како што знаеме се овозможи запирање на огинот меѓу ЈНА и борбените сили на Словенија се овозможи да се прогласи

VI/3.-

мораториум на државните акти за самостојност и независност на Словенија и Хрватска и се избра претседател на Претседателството на СФРЈ со цел да се воспостави Врховната команда над вооружените сили во земјата. Откако ова се случи на сите веќе ни стана јасно дека за разврската и кризата во Југославија постојат големи разлики, ние мораме тоа да го признаеме. Ние мораме да признаеме дека се наоѓаме на различни брегови на една широка река. На една страна постојат застапници со една, на другата со друга концепција. Сега стана сосема јасно зошто застапниците на едната концепција прогласувањето на државно-правните акти за самостојност и независност ги отфрлаат велејќи дека тоа се еднострани акти. Сега стана јасно зошто некој републики упорно се обвинуваат дека се разбивачи на една единствена Југославија затоа што се бараше некој друг да биде виновен да се оправда она што уследи, а тоа е агресијата и употребата на сила. Интервенцијата јасно покажа дека не се во прашање само границите, туку армијата сакаше да ја преземе контролата односно да воспостави нова власт во републиктие кои бараат самостојност и усвереност, односно да ги поништат легитимно усвоените одлуки  со кои за своето урдување се изјаснија со плебисцит и референдум. Сегашните резултати како што сите знаеме се поразни со многу човечки жртви и големи материјални штети. Тоа е цената на желбата на некои небирајќи средства да наметнат еден модел што не е прифатлив за други. Но со таков наметнат модел во Југославија веќе се покажа немаше да се оствари со живот. Не може некој со сила да му нуди Југославија таква каква е единствена реформирна во стилот на реформите на Анте Марковиќ дури со уште поголем централизам од

порано ако тоа некој не го сака. Уште помалку ако некој таквата единствена, однсоно заедничка држава ја смета за утопија. Зашто утопиите на човековиот род добро му се познати. Тие му нанесоа најголемо зло.Ние зборуваме за тоа, а овој пат зборувам во името на пратеничката група на ВМРО како претставници на еден дел од македонскиот народ, зборуваме дека не сакаме да се определиме на една таква страна која ја користи силата кои се убедуваат и на Македонија да и наметнат она што најмалку и користи, она што е завалува псотапката за донесување на актите за самостојнсот и независност, она што досега го спречува нашата Република да нема нов устав, Македонската држава да се доведе во ситуација да биде изолирана и блокирана. Сега стана јасно дека тавките сили упорно ги отврлуваа и сите обиди за донесување на некакви акти, како што беше случајот и за иницијативата за резолуцијата што ја понудивме да се прифати и да започне постапката за донесувањето на сувереноста и независноста на Македонија. Наместо тоа се наметнуваше без резервна поддршка на активностите кои се во доменот на Сојузната држава, а по државно правните акти за самостојност и независнсот што некои републики ги донесоа да не се расправа по нив овде, со цел за да најпосле како што тоа се покажа на карајот да се оценат како едностарани.
За мене таквите сили се неприфатливи, бидејки тие застанаа на позицијата на воената инвервенција, на позицијата на дестабилизација на земјата. Ако со прогласувањето на самостојнсота и независнсота на Словенија и Хрватска настанаа една нова ситуација.
Во која институциите на Федерацијата повеќе не функционираат во правата смисла , тогаш за Македонија не гледам друго решение,туку Собранието да ја задолжи Македонската Влада до крај да ја спорведе постапката за осамостојување и независност на Македонија.

VI/5.-

Периодот на мораториумот е голема шанса за Македонија да го надокнади изгубеното и да ги донесе сите државно правни акти за самостојнсот со клаузула дека ќе стапат во сила по три месеца во моментот кога ќе престане рокот на монотoриумот.

Тоа е шансата да го добие Македонија од Европа и од Европксата заедница, па и од Светот оној меѓународен статус и она признание што веќе најотворено се најавува за оние републики кои веке се определија за својата самостојнсот и независност.

ФАИК АБДИ:

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господо, мислам дека кој знае по кој пат ние овде расправаме за одредена тема која што многу не држи, не окупира со многу голема желба, сакаме да створиме нешто што народот во Македонија не го сака тоа.

Прво, мислам дека во овој Парламент постојат пратеници од повеке партии и мислам дека ни еден нема право во името на овој Парламент, предлагајќи заклучоци, да каже дека како Македонија мислиме дека над Словенија, односно над Хрватска е извршена агресија, дека тоа било така наметнато да не може мирно да се дојде доразврска, односно дека ЈНА како агресивна сила употребила се за да не дојде до мирна разврска. Како ЈНА да почнала да пука итн. Можеби многу не сме информирани, или пак некоја информација сакаме да ја направиме како дезинформација мегутоа, очигледно е пред два-три дена нашите телевизиски екрани кажаа се што се случуваше во Загреб кога војската помина, како млади луѓе, голема толпа од народ трча по тенковите и фрла со се и сешто, запаливи смеси и тн. Тоа не е лесна работа.

VI/6.-

Можеби нашата војска е така воспитана, да дозволува такви нешта, Колку што имаме информации, колку што можам да следам многу трезвено и совесно во Слвоенија се пикаше на војниците, на нашите деца. Тие не одговараа соодветно на тоа пукање, на тие жртви. Не се воспитани така. Немојте од оваа говорница да упатувате такви критики на ЈНА дека тие почнале некоја блокада на волјата на народот. И соодветно на тоа да бараме шанса како некој да не врзал, па не смееме да се одврзиме, шанса ни е ова за некое осамостојување, потполно итн. Никој не не врзал некаде, па не ќе можеме. Меѓутоа, ако некој го донел актот за осамостојување иако по војската фрламе со дрво и камење и со бомби и запаливи смеси итн. сигурно ќе се пука и тука ќе има боишта, ќе гине народот, ќе гине војската, ќе гинат недолжни луѓе, тоа е. Според тоа, веројатно и она што нашите претставници господинот Киро Глигоров, господинот Тупурковски се во многу голема тесна колерација со раководствата на сите републики, па и во Претседателството на Југославија, веројатно ќе се најдат начини да се дојде по пат на демократски диалог и мирн разврска на овие прашања и проблеми. Но, покрај сето ова, што со голема желба го очекуваме како животна шанса што се дава, колку се радуваме на таа шанса, како Македонија што на нас ни одговара, времето ќе покаже, ќе покаже историјата, ќе покажат идните генерации. Можеби Југославија прекипе, можеби ова долго се очекуваше, ваква разврска, вакви борби Можеби ЈНА изгуби од својот углед пред широките народни слоеви, пред граѓаните, на меѓународен план изгуби, меѓутоа, јас мислам по инаку по ова прашање, бидејќи и јас сум бил војник а поготово сега во овие демократски процеси, во демократизацијата

на вкупните односи покажа дека  нашите деца не пукаат на своите. Ние се сметаме за свои и Србите и Хрватите и Словенците и тн. Заради тоа немало пукање и некое си внатрешно издајство на одредени раководители војнички итн. Јас верувам дека ако некој од надвор нападнал, веројатно ќе поминел многу полошо. Не ми се верува дека тоа е распаѓање ала 1941 година. Овде кога зборуваше г-динот Јовчевски, тоа му е стилот на изразување поради гримаси тој е човек, секој човек е посебен карактер, јас му верувам доста, ако е тоа вистина, тоа не смее некој да го прави и да навредува. Мислам дека е задача на  нашата Влада  и на Министерот Дамјановски да ја испита до крај таа ситуација дали е тоа тоа и да се даде на одговорност. Какви се тие навреди. Како може некој да навредува. Чии деца навредува, чии граѓани навредува. Кој е тој ? Ние сме овдека Република Македонија, држава. Такви старешини не ни требаат. Такви навреди имаше 1941 година кога пропадна Југославија. Така ли ќе ги држат војниците? А што им требало пак пдо пушки да ги држат. Зошто?, Ке избегаат, ке дезертираат? Овде има некоја друга работа. Информации , дезинформации , да не зборувам. Секој може да заклучи што тоа може да значи. Мислам дека дисциплината, ако е тоа тоа, како да попуштила и треба да се преземаат соодветни мерки.
Она за што се залагаше  нашиот млад господин   со тие огромни големи заклучоци,сметам дека тоа треба да оди до нашата Уставна комисија, до нашето раководство и мислам дека сето тоа е кажано, е кажано на еден начин што и досега ние разговаравме до сега имавме предлози, заклучоци од ова исто Собрание.

VI/8,-
Јас мислам дека ќе го ислушаме излагањето на господин Тупурковски, без многу дискусии, ќе си одиме дома, па така и предлагам, а дали треба сите да бидеме на окуп овде, ние денеска имавме еден состанок во 11,00 часот со претставниците на политичките партии  се договоривме, јас го кажав својот револт, пратениците на ПДП и НДП требаше да бидат овде, се работи за Македонија, ако е Македонија држава на Македонците по род како би рекол нашиот млад господин и на албанците,и на турците,и на ромите,и на власите,и на сите што живеат овде.

VII/1.- ЛК-ВБ

ФАИК АБДИ: (продолжение)

Тоа значи нема поголемо прашање од ова за кое расправаме денес. Верувам дека на нашата идна седница и тие ќе дојдат овде меѓу нас за да разговараме единствено за нашата позиција во Југославија, кон Југославија односно како Македонија. Значи, да ги оставиме тие работи од аспект на разврската по незнам кој начин, да не предизвикаме ние некоја си друга криза овде на Балканот, зашто сведоци сме на желбите на нашите соседи и од исток и од запад и од југ, па и од север, се трупа војска на наши граници, ама зад нив друга војска се трупа од Турција и незнам од каде, па да не бидеме себеп да предизвикаме некоја си поголема работа отколку она што е во Словенија. Во споредба на она што може да се случи овде на ова тло тоа е ништо.

Според тоа, би завршил со тоа, да бидеме многу прецизни во нашите искажувања, да знаеме што сакаме, не по оној пат по кој поведоа Словенците и Хрватите, туку има многу убави патишта, многу паметни патишта, да одиме по она за што се договорија господата Изедбегович и Киро Глигоров и само на тој начин односно на начинот на кој Европа е заинтересирана, тие три работи што ги предложија по тоа да одиме. Веројатно еден ден ќе дојде до целосно осамостојување на сите републики, а ако Словенците стојат на збор, јас верувам дека се госпон и господинот таму ќе стојат на своите зборови за да опстане Југославија треба да се има потполна сувереност, да се разговара кој дел од суверенитета ќе се пренесе на идната Југославија. Така барем се изјаснија пред да почнат овие нивни офанзиви итн.

VII/2.-
БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ;
Господине претседателе, дами и господа пратеници, се надевам дека тоа што ќе го зборувам нема да прозвучи анахроно, туку дека ќе биде примерно и применливо на актуелниот политички момент  кој што го живееме. Македонците во текот на својата долгогодишна и трагична историја безброј пати се наоѓале на крстопат, туркани во средиштето на вителот на речиси сите бури што постојано ги предизвикувале големите сили и нивните прикрпоци за реализација на нвините цели и мегаломански апетити. Битката за самобитност, за сопствен пат, за место под европското сонце трае речиси илјада години. На тој долг илјадагодишен пат помагани "добронамерно и обилно" од соседите и нивните патрони почесто талкавме во место, скршнувавме во беспаќа и жалевме за грешните потези и за загубеното. Тој пат го поплочивме со безброј жртви и материјални загуби кои почесто не враќаа назад отколку што не водеа напред. Како народ за сопствената слобода и државност, почнувајќи практично 1874 година па се до 1944 година влеговме во најдолгата непрекината 70-годишна војна за суверенитет водена во Европа и во светот воопшто, Дигнавме безброј востанија, некои од немајкаде, од маките и теророт што не притискаше и ја пустошеше нашата земја,а некои увезени од надвор  и во директна функција на остварувањето на целите на другите држави и народи односно слабеењето или потполното уништување на нашиот идентитет и трајното бришење од етничката и политичката карта на Европа. Останавме познати по многуте преуранети востанија кои го однесоа својот "данок во крв" и ја влошија и ослабнаа нашата и онака комплицирана и сложена положба на Балканот и во Европа.

VII/3.-
Тоа се случи и со првите македонски востанија во Источна Македонија и со таканаречените апостолско агитациони востанија кои што Македонскиот комитет од Софија ги подигна во 1895 година во Прилепско и Виничко, кога 24-годишниот Гоце Делчев во писмото до познатиот потстрекач Каранов ќе ја изрече својата позната мисла дека тој што мисли дека Македонија ќе се ослободи со туѓи сили и оружје се лаже себеси и својот народ. Тоа се покажа и во Сарафовото востание подигнато во Петричко во истата 1895 година и во Горноџумајското востание на генерал Цончев подигнато 1902 година, па и во Септемвриското востание подигнато 1923 година.
Одлуките донесени во морничавите денови на Смилевскиот конгрес за предвременото подигање на Илинденското востание и неединството околу нив се преплатија прескапо, ја поделија организацијата и нејзините водачи и речиси трајно ги разнишаа нејзините изворни темели. Македонија беше опожарена, ограбена и фрлена на колена.
Пречувствувајќи ги трагичните денови што ќе дојдат после востанието, тргнувајќи во последниот обид да го спречи неговото предвремено подигање, навлегувајќи во Македонија еден суморен мартовски ден 1903 година, апостолот на македонското револуционерно движење Гоце Делчев ќе му изјави на Пејо Глигоров , "одам во Македонија да си ја дадам главата".
Вакви и слични решенија го поделија и целиот македонски народ, изгорен во многуте вакви трагични настани, полека почна да ја губи довербата во своите водачи и во себеси, довербата во способноста да се избори за сопствената државност и слобода. Ги загуби највeрните, највредните и најхрабрите синови, се што знаеше да мисли во Македонија со своја глаба и што можеше повторно да го мобилизира својот народ, отиде пдо земја и не остави пород.

VII/4.-

Се создаде децениски вакум додека да се изродат и израснат нови генерации и повторно да ги развеат знамињата на Гоце и Даме. Имавме среќа дури и Востанието 1941 година да се најдеме на вистинската страна и да ја вратиме довербата на нашиот народ дека сме способни да се избориме за слобода и државност. Се создаде првата македонска држава после Самуила, а сите кои што учествуваа во нејзиното создавање и кои што ги втемелија своите млади животи во нејзините темели постигнаа целосна единственост и доверба меѓу себе.

Денес се наоѓаме повторно на еден од таквите историски крстопати. Ќе бидеме ли способни да го процениме историскиот миг кој го живееме и ќе ги донесеме ли навреме и правите решенија да го зачуваме, што би рекол господинот претседател Глигоров, спечаленото и да ја обезбедиме трајно иднината на Македонија. Со тие решенија кои во најголем број случаи по силата на нештата се во рацете на првиот Македонски повеќепартиски парламент не смееме пвоторно да го разединиме македонскиот народ, зашто низ историјата тоа се покажа како кобно.

При нивното донесување мораме да водиме сметка само за вистинските круцијални витални интереси на македонската држава и да ја цениме само нивната реалност и временска подобност. Не смеат да бидат ни преуранети ни задоцнети, не смеат да бидат подредени и предизвикани со туѓи слични решенија кои се покажаа неприменливи на македонското тло. Околу нашите решенија мора да постигнеме целосно единство и согласност, за што само тогаш ќе ја имаме довербата на народот и неговата поддршка и на домашната и на светската демократска јавност.

Затоа, денес нема места за беспоштедни и јалови меѓупартиски борби по можните решенија, само во зависност од тоа која партија ги предлага и цени за изгледни. Ниту една држава денес

не може да води целосна самостојна политика независно до состојбите во соседството, во Европа па и во целиот свет. Впрочем, и собитијата кои што се случуваат во нашите северозападни републики во Југославија па и кај нас, иако се пред се предизвикани со внатрешните недоразбирања и мегаломански апетити, тие се предодредени и диригирани и од надвор. Денес веќе е сосема јасно дека потезите што ги пволекоа Словенија и Хрватска се детерминирани, пред се од нивните потреби за стекнување на сите атрибути на една суверена и независна држава, но и со потребите за создавање на интересни сфери на обединетата Германска република, на Австрија и Унгарија или за создавањето на Четвртиот рајх и повампирувањето на Австроунгарија.
Ја се согласувам со господин Тупурковски дека досега станувате збор за еднострани сигнали. Меѓутоа, тие еднострани сигнали се дешифрирани, тие еднострани сигнали предизвикаа бранување во досега единствена Европа и Европа нема да дозволи Југославија да ја подели и да предизвика слични дезинтеграциони процеси и кај неа. Европските држави повторно ќе ги избалансираат своите интереси и решенијата во Југославија ќе бидат предодредени и со нивниот договор. На примерот на Словенија се покажа дека раздружувањето не е така едноставен и еднostран процес. Тоа има своја цена и бара големи жртви. Може ли да се случи да ги дадеме залудно? 1897 година по Критското востание изби жестока војна помеѓу Турција и Грција, во која Грција беше поразена до нозе. По завршувањето на војната, гледајќи ги своите интереси, европските држави одлучија иако поразени до нозе, Крит да добие автономија, а Грција да не изгуби ниедна педа од својата територија.
Се поставува прашањето дали ние денес имаме нова младеж за жртвување и дали и ако се жртвуваме ќе ги оствариме

нашите идеали и нашата цел, остварувањето на независна и самостојна Македонија со воени дејствија. Дали не постои можноста за завршувањето на процесот за остварувањето на македонската државност да се реализира по мирен пат? Затоа, денес, како што знаете ни се нудат две решенија; остварувањето на суверената и независна македонска држава преку Сојузот на суверените југословенски дражви или по пат на раздружување од сегашната југословенска заедница. Тие што се првото решение со сите сили се трудат да се создадат предуслови за создавањето на сојузот на суверени држави се додека за тоа има можност и клима и сето тоа да се изведе по мирен пат и договорно со сите. Тие што се залагаат за второто решение катадневно се трудат да докажат дека веќе доцниме со решенијата, затоа што сојузот на суверени држави е неможен, односно затоа што сметаат дека Словенија и Хрватска се раздружиле. Меѓутоа, во најмала рака треба да се прашаме зошто Врховништвото на Република Хрватска ги замрна своите акти за раздружување, зошто Врховништвото на Република Хрватска инсистираше да се избере нејзиниот претставник за претседател на Претседателството на СФРЈ, зошто вчера нивен претставник е избран во Уставниот суд на СФРЈ, зошто не ги повлекуваат нивните регрути и нивните војници, зошто не одат на границата како Словенија итн. Ние го поддржуваме нивното право искажано низ плебисцитот и референдумот за самоопределување до отцепување, меѓутоа, не можеме да ја прифатиме едностраноста на одлуките донесена без договор со другите, па и со нас.

VII/7.-
Од друга страна, не можеме да ги прифатиме и оние од другата страна кои се крајно исклучиви и кои прво преку устата на Булатовиќ, па потоа преку устата на Гукановиќ и днеес преку устата на господинот Милошевиќ изјавија дека Југославија може успешно да се развива и без оние кои ќе се одделат од неа, што јасно имплицира што се заговара во другата варијанта. Мора да им порачаме дека Платформата за делување, донесена од овој Парламент, не ја предидува во никој случај таа можност и дека тие претскажувања нема да се остварат.
Ние го поддржуваме нивното право како изворно право. Меѓутоа, едностраноста на одлуките покажува дека со нивното донесување се загрозени и нашите витални интереси. Впрочем, и нивното раздружување не е свршен чин, затоа што не зависи само од нив и нема да биде свршен чин се додека по ова прашање разединетите европски држави со двата концепта  обединета Германија, Австрија, Унгарија и од друга страна Англија, Франција, Шпанија и Италија не си ги избалансираат своите интереси. Ако пак постане тоа раздружување свршен чин, тогаш е јасна нашата определба за неостанување во редуцирана Југославија и создавањето на независна самостојна македонска држава.
Во тој период треба да се круниса Декларацијата за сувереност, со донесување на крунскиот акт, Уставот на Република Македонија како независна и самостојна суверена држава. Него може да го донесе и повеќепартискиот Парламент на кој народот му даде целосен легитимитет.
Затоа, во Републиката треба да го задржием мирот, довербата и целосното единство, да се покажеме пред светот дека сме за мирновременски решенија и за целосна примена на моделите кои што ги користи Европа во своето обединување. Да му објасниме на светот, на тие без кои што не можеме, чија што помош секојдневно

ја очекуваме  заради се поизгледниот тотален економски колапс кој што не очекува, зошто се залагаме за сојуз на суверени држави кој овозможува стекнување на сите атрибути на сувереност, кои што ги поддржуваат сите во Европа, а ако испадне тој концепт неможен, зошто ќе мораме тие атрибути да ги стекнеме со времено или со трајно раздружување од Југославија.

VIII/1 СП/СЛ
ЕФТИМ МАНЕВ:
Почитуван претседател, почитувани пратеници,
Во интерес на времето ќе настојувам да бидам сосема краток, а исто така им препорачувам на следните пратеници да настојуваат да бидат поконкретни и порационални во времето.
По однос на денешната седница за која расправаме по единствена точка. За политичката состојба во земјата сметам дека д-р Васил Тупурковски во неговото едночасовно излагање ни даде доста широки сознанија. По однос на сето тоа што беше изложено од д-р Васил Тупурковски по однос на состојбите во кои се наоѓаме, сметам дека не се настанати битни промени . Истиот тој не инсистираше да дојде до некои нови зафати, нови размислувања кои што на овој состанок односно на денешниот ден ние ги усвоивме заклучоците по истиот дневен ред на кои расправавме порано и во тие заклучоци се состои сето тоа што до сега го дискутиравме. Само расправаме работи од минатото кое што до сега многу пати сме го расправале и нашите граѓани добро го знаат тоа. Сметам да бидеме далеку порационални, доколку стојат некои состојби што налагаат во овој миг на време да заклучиме, да се задржуваме на тоа.
СТОЈАН АНДОВ:
Дали уште некој бара збор? ЉУБОСАВ ИВАНОВ:
Почитуван претседател, почитувано Претседателство и почитувани колеги.

VIII/2

Ние, пред се, треба да изразиме една голема благодарност на нашиот претседател на Републиката, на членот на Претседателството на Југославија, на претседателот на Парламентот што во едно време покажаа односно вложија огромни напори на смирување на оваа луда ситуација во Југославија каде што ние како мала Република, но која до сега покажа еден разум, една логика, една смисла на организираност значајно делуваше во смирувањето на состојбите во Југославија.

Јас нема да зборувам за политичкиот дел затоа што тој дел многу за тоа зборуваше мојот почитуван пријател Ханџиски и не би сакал да го повторувам и се согласувам потполно со неговата дискусија. Меѓутоа, сакам да укажам на некои економски моменти одразот на целата оваа ситуација на нашето стопанство. Денеска повеќе ја замислував оваа наша средба да не ги повторуваме нашите дискусии и расправии, туку да ги согледаме состојбите во Југославија низ една информација која ни ја понуди членот на Претседателството, а и ние во границите на нашите можности да предложиме мерки за надминување на одредени проблеми кои итекако со целата своја тежина го притиснаа нашето нејако стопанство. .

Ние денеска државме Извршен одбор на Комората каде што многу опстојно беше друга тема на дневен ред поставена Програмата на Владата, меѓутоа, актуелната ситуација беше до таа мера, ги изостри проблемите во стопанството што првата точка од дневниот ред беше токму по ова прашање и стопанствениците искажаа огромна загриженост за нашите натамошни влошувања во сверата на економијата.

VIII/3

Беше речено дека огромен дел од стопанството наскоро ќе престане да работи и произведува. Се наоѓа огромна роба на царинските премини на Словенија. Многу роба која е произведена и која треба да се испорача во Италија, Австрија, Германија, а денеска е многу тешко да се направи особено во Италија, а исто така е отежнато и преку Австрија и Германија, затоа што се пренатрпани премините према Унгарија.

Исто така, беше укажано дека не функционира платниот промет, особено према овие републики кои се издвоија, повеќе не се плаќа спрема Македонија и СОК укажа дека во задно време и таа има констатирано дека многу малку средства доаѓаат од таа Република.

Понатаму беше укажано како нашето стопанство да се однесува во однос на таа Република. Ако не важат основните инструменти за плаќање акцептни налози, ако не важат чекови, меници итн., како тогаш да се работи со оваа Република? Беше укажано дека обратно пред да дојде до оваа ситуација Словенците не прашувајќи за цена повлекоа огромна роба од Македонија особено квалитетна роба како што е злато, сребро и др. Беше укажано и тоа дека се донесувани петти примероци од налозите за плаќање, а потоа се испоставило дека тие само оверени во СОК, а парите ги нема.

Понатаму другари не функционира девизниот пазар.

Прво, беше запрен девизниот пазар спрема овие две републики со Одлуката на гувернерите на Народната банка, а тоа исто се направи и по однос на останатите републики.

VIII/4
Ево посебно тоа многу негативно ќе се одрази на Република Македонија имајќи предвид дека сме крајно девизно зависни и беше искажано бојазност дека ние набрзо можеме да останеме и без нафта и без бензин и стопанството да остане без репроматеријал, без резервни делови итн.
Исто така, стопанствениците предложија на Владата таа да разработи повеќе варијанти на вакви ситуации, па и на најцрни ситуации каде можеме ние да бараме излезни решенија. Ако не можеме од еднаш дојдовме во многу тешка ситуација, затоа што една Република на Запад ги затвори границите што ќе стане ако се затворат границите према Унгарија, ако се затворат границите према другите републики. Ние мораме да изнајдеме други излезни решенија барем да ја ублажиме ситуацијата. Мораме да бараме можности за излез на Солун, Црно Море, Драч. Тука ќе треба да се вложат големи напори во тој поглед со соседните земји. Мора сите тие варијанти да бидат присутни  затоа што може да дојде до колапс.
Друго што сакаме да укажеме, за што зборуваше тука Тупурковски за граничните премини во однос на Словенија и досега тие гранични премини се користени крајно либерално и до сега потполно не е применуван царинскиот закон, па се увезувани птици така е прикажувано, а се увезувани тенкови. Денеска кога таму нема сојузна царина, замислете што може да се прави во таа Словенија и што може да се увезува. Поаѓајќи и до сега како ги кршеа законите, па ние вакво стопанство кое ќе налета без заштита, а ние немаме заштита затоа што сме отворено стопанство спрема Југославија и кога ќе дојде роба со без 40, 35, 65 проценти давачки, царини итн., кој ќе биде конкурентен на овој пазар?

VIII/5

Тука веќе настануваат сериозни проблеми и сето тоа може многу негативно да се одрази. Многу од нас укажуваа на некои работи овде, меѓу нив и јас, и со самото престанување на плабањето во Фондот на Федерацијата, со самото престанување на плаќањето на царините, на разни давачки, со самото тоа што почнаа многу сомнителни ликвидации на организации во Словенија, ние укажувавме дека се прави огромна пљачка во земјата, опљачкана е и Македонија, Вие добро знаете што стана со "Искра" колку пари пропаднаа од Македонија, што стана со "Елан" колку пари пропаднаа од Македонија, со "ТАМ" итн. Тоа е се вештачки направено, се се тоа пари префрлени надвор од Словенија. Ние предупредувавме на огромното влегување во девизните резерви на Словенија со 3-4 милијарди динари се се тоа пари префрлени во Австрија, Германија и тие сега немаат проблеми со девизни средства.

Сето тоа тешко ќе се одрази и дури во оваа ситуација да останеме заеднички пазар, заедничка Југославија тоа исто ќе се одрази многу тешко како конкуренција на нашето стопанство.

Затоа сум замолен од Извршниот одбор да Ви ги соопштам заклучоците на Извршниот одбор не да бидат задолжителни за ова Собрание, туку ова Собрание да се запознае со нив и да бидат самите одредени ориентации во тој поглед да имате.

Извршниот одбор на Стопанската комора на Македонија на XXXIX-та седница во проширен состав одржана на 6.VII.1991 година меѓудругото расправаше за состојбите во тековната репродукција во Македонија поврзано со актуелните состојби во земјата посебно во Словенија и при тоа го констатира следното:

VIII/6

- Заради присутните блокади во функционирањето на системот присутно е опаѓање на стопанската активност со се поизразена тенденција.Ограничени се можностите за редовно снабдување со суровини и репроматеријали ,голем е износот на ненаплатени побарувања на нашите претпријатија од другите подрачја од земјата и се помало е користење на инсталираните капацитети. Во такви услови стопанските субјекти немаат сигурност за одржување на деловната соработка со другите подрачја во земјата. Доколку продолжат таквите однесувања според искажувањата на стопанствениците ќе има натамошно опаѓање на стопанската активност и почесто запирање со работа на одделни капацитети, Поради тоа стопанството бара такви мерки и инструменти на економската политика кои ќе гарантираат сигурност во одвивањето на репродукцијата во услови на неважење на инструментите на платниот промет (акцептни налози,гаранци од банки и др).

Присутно е запирање и откажуванње на долгогоди градените деловни контакти со последици во тековното одвивањена репродукцијата во поодделни претпријатија и цели стопански гранки и групации како резултат на прекинати испораки на суровини и репроматеријали (текстилна индустрија ,графичка,кожарска, дрвна индустрија,транспорт,земјоделие ,туризам).

Нефункционирање ,односно распаѓање на монетарниот и платниот систем во земјата и натамошно влошување на ликвидноста на нашите претпријатија заради поголемите побарувања од другите подрачја во земјата во однос на обврските се поголем број на работници се испраќаат на принуден одмор и се изострени социјалните тензи.

Откажување на договорени извозни аранжмани заради нефункционирањето на девизниот пазар и политичката нестабилност во земјата и прекинување на веќе започнатите аранжмани со странски партнери во изведувањето на работите во Републикава,

Имајќи ги предвид овие констатации Извршниот одбор ги утврди следниве ставови:

1.Неопходна е мобилна состојба во претпријатијата, Комората и надлежните државни органи во следење на дневните состојби и предлагање на конкретни решенија за одделни проблеми.

VIII/7

2.Во услови на нефункционирање на макроекономската политика, а соцел за ублажување на настанатите проблеми,стопанството инсистира надлежните државни органи да изградат механизам на заштита на нашето стопанство и на ризиците кои тоа ги поднесува бидејќи истите се резултат на мешањето на политиката во стопанството на кои нашите претпријатија објективно не се во состојба да влијаат.

3.И во оваа прилика уште еднаш беше потецирано барањето за изградување на соодветна сопствена стратегија во Републиката со која би се оневозможиле секакви еднострани дејства од другите подрачја на земјата и би се заштитиле од последиците поради нефункционирањето на монетарниот и платниот промет.

4.Во настаната ситуација акционерите во соодветните наши банки,а особено стручните служби на банките да изнаоѓаат излез соодветни решенија во функција на тековната подршка на претпријатијата за настап во сранство, отварање на акредитиви,преиспитување на можноста за користење на странсии финансиски средства и гаранции за настап во странство и с.

5. Во рамките на заштитата на нашето стопанство да се изгради сопствен однос за работењето на СОК, Народната банка на Македонија и стопанските судови по принцип на реципроцитет и да се испитат можностите за евентуално блокирање на продажбата на имотот на претпријатијата од другите подрачја од земјата а вомоментов пред се од Словенија.

6. И во дадениве услови стопанствениците изразија неминовност за одржување на одредено ниво на деловна соработка со партнери од земјата заради структурната ориентација и поврзаноста на нашето стопанство со стопанствата од другите подрачја на звмјата.

На крајот, замолен сум да пренесам една посебна желба на стопанството во вакви тешки моменти во кои се наоѓа нашата Република посебно на стопански план да се изгради еден консензус во овој Парламент и Парламентот се ангажира во голема

мерка во разрешување на економските проблеми, како што имавте прилика да слушнете и од Петров дека со празен стомак не може ништо да се постигне.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор пратеникот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, еве неколку мои размислувања во врска со ситуацијата што сакав да ги соопштам можеби и на минатата седница, но изгледа дека ќе имаме повеќе прилики, како стојат работите, да разговараме постојано за актуелната состојба во Југославија, па секој ќе може да се искажува и по неколку пати.

Да се опишува каква е состојбата во Југославија, какво безумие владее во оваа земја навистина нема потреба особено што на врвен начин го прават некои професионалци и од културата и од науката и од журналистиката. Потресните слики на размрсканите тела на деца со недовршено или едвај довршено детство зборуваат повеќе од било кој збор. Едноставно се работи за бесмислен чин на решавање на проблемите, начин што наместо живот произведува смрт.

Ова Собрание, оваа Република со мирољубив дух со длабоко, што длабоко ги памети последиците од војните агресии на овие простори, едноставно неможеше да има друг став освен мир во Југославија, на Балканот и секаде во светот, освен став со кој што бара само со преговори, договори да се решава политичката криза во Југославија. Но, за жал Југославија се сплетка во граѓански судири. Мојата дефиниција за овие настани е тоа.

VIII/9
Се сплетка во игра на сецесеонистите односно раздружувачите и во игра на унитаристите, хегемонистите, во играта на тие што си земаат право да се постават во улога на главни арбитри за тоа што е право, што е неправо. А, тоа го прават и едните и другите не водејќи сметка дека и другите знаат што е право дека и другите имаат интерес легитимен, и другите имаат свои народи со потполно еднакви природни и вкупно социјални права. Всушност се заплеткаа во играта на националните страсти камуфлирани со борбата за суверени национални права, со борбата за државни суверенитети , но, очигледно суверенитет сватен со некои средновековни аршини, далеку од она што е модерно сваќање на зборот суверенитет или онака како што демократските процеси , ширењето на правата на човекот, ширењето на економските слободи го диктираат во овој момент во светот.

IX/1.-нн/јс

ПЕТАР ГОШЕВ: (Продолжение)

Во таа борба за суверенитетот и Југославија и републиките, можам за жал да констатирам дека денес имаат помалку суверенитет, многу помалку бидејќи странски државници, странски држави, европските и Америка, а сега се вклучуваат и некои други, ќе се вклучи и Советскиот сојуз според последните настани, а ќе беше вклучен многу поодамна ако ги немаше тие свои проблеми, почнуваат да го диктираат решението во Југославија односно почнуваат да ја водат играта. Ако не биде според нивен интегрален став тоа решение во Југославија, секако ќе биде според овие настани како што одат според нивните поделени интереси. Тогаш дискусиите за суверенитетот на Југославија и републиките ќе се сведат или се сведуваат на обични фарстични претстави. Претседателот на Претседателството ни беше избран од странски државјани и тоа е факт за сите во Југославија и факт е за целиот свет. Добрите услуги се шират и во други домени на посредничките земји, а може да стигнат тие добри услуги да се прошират и во доменот на воените услуги, ако се радикализираат проблемите во Југославија. Тогаш, пак, за жал ќе дојдеме до прашањето каде беше тој суверенитет, југословенскиот или суверенитетот на било која од републиките во Југославија.

Инаку, беше штета што немаше барем 7-мина од претставниците на Европската Заедница, колку што имаше 7 члена на Претседателството, па секој од нив на по еден да му ја држеше раката горе крената за да гласа за изборот на претседателот на Претседателството.

Поаѓајќи од нашите принципиелни ставови  што досега беа јасно соопштувани во овој момент некои од нашите ставови треба пак да се повторат заради овој момент, бидејќи салбо допираат

до тврдите уши на тие што треба да ги услишаат, други појасно да се изнесат отколку што сме ги изнесувале, а трети, можеби по прв пат треба да ги соопштиме и на поинаков начин од кој што сме ги соопштувале.
Прво, беше говорено и во сите искажувања уште еднаш да кажеме дека нема друга алтернатива освен мирно решение за југословенската криза и дека после сите жртви што се поднесени до овој момент, или што ќе бидат поднесвуани дека повторно решението ќе може да се побара само на тој начин, на некој стол во кој што ќе се седне и ќе се потпишат некакви акти. Дека војната во Југославија едноставно нема ништо да реши освен да голтне уште незнам колку човечки животи.
Второ, решението на југословенската криза не може да заобиколки ниту една политичка волја на било кој народ, Република во Југославија. И тоа е тој централен став што сакав да го нагласам и на оваа седница бидејќи заобиколувањето на било чија политичка волја на некој од народите  во Југославија е директен извор на војна меѓу народите во Југославија.
Интегритетот во Југославија едноставно не може да биде сочуван со воена сила. Треба сите да сфатат дека ниту една жртва ниту стотици, иљадници нема да го изменат решението на одделните народи ако тие се сплотиле околу својата политичка волја. Југословенската заедница можна е само како компоромис на повеќето слободно изразени политички волји и поинаку едноставно не ќе може да биде.
И стите други шеми кои што се поставуваат на овој начин од некои врвови, дали воени или политички врвови, или врвови на власта во поедини републики не ќе имаат шанса на било каков успех освен да констатираме трагична ситуација на овие простори. Уште потрагична од ова што ја имаме.

IX/3.-

Трето, мораме енергично да го искажеме нашиот став, дека одлуките на Армијата не можат да бидат надвор од одлуките на надлежните цивилни органи, такви какви што ги имаме и во овој момент. Заплашувањата што ги испратија одделни генерали преку телевизиските екрани можат да се сфатат само како уште една манифестација на преовладувањето на ирационалната свест не само во врвовите на Армијата, на постоењето начин на мислење што реалноста и потребите во овој момент, а уште повеќе и иднината длабоко ги негира тие реалности. Ниту Југославија тоа што била, ниту овој момент цивилизациски и овие слободи поединечни и колективни можат да издржат и да прифатат решенија од типот како што некои сакаат да ги соопштат. Армијата, што на секоја држава и е потребна, па и на нашата едноставно треба да престане да си припишува најголема загриженост за судибината на Југославија и југословенските народи одделно. Со тој страв ќе запаѓа во се поголеми грешки. Не се наоѓаат југословенските патриоти и демократи само во врвовите на Југословенската Народна Армија и не се само тие загрижени за некаква југословенска заедница. А грешката од полуинтервенцијата во Словенија е апсолутно контрапродуктивна кон идејата за југословенското заедништво и особено контрапродуктивна во самата Југословенска Народна Армија. Во овој момент достоинството на армиското раководство е повредено. Тоа е факт. Дилетантски приложени жртви, тоа го видовме сите. Дезертерство, и тоа видовме. Според едни издајство, според други патриотски чинови, кој од која позиција го согледува актот на едно воено лице. Но, во ваков вид интервенции, инте-венции во сопствениот простор, тоа што се случи е мошне логично, но се чини дека Армијата и други што го помагаат армиското решение во оваа земја за тоа не биле доволно свесни или поседувале

голема наивност. Затоа, ги молам, сите тие, посебно армискиот врв да не се обидува да ја покаже повреденоста на својата војничка суета, а тоа е случај во овој момент во Југославија. Ние знаеме дека Југословенската Народна Армија е многу повеќе подготвена и доколку се работеше за надворешен агресор во Југославија, таа ќе ја покажеше својата права борбена боевост и своето право патриотско единство. Но, во овој случај навистина мошне наивно би било да се смета дека на овој начин ќе може да се заврши работата.

Четврто, ние мора јасно да кажеме дека менувањето на политичката волја на било кој народ пак е тоа во рамките на наши централни ставови. Не може и не смее да се врши со воени и други насилни средства. Ако бараме право на сопствена политичка волја, волја на македонскиот народ, а ние ја бараме постојано на овие простори, од памтивек, и ја бараме и денеска иако и ја имаме, но според наши оценки ја немаме доволно. Тогаш тоа право мораме да им го признаеме и на другите. Мораме да му го признаеме секому. Од тој аспект ние конечно мора да се изјасниме ќе ги испраќаме ли македнските деца да пукаат во било чија политичка волја, легитимна на секој народ, ќе гинат ли без да знаат зошто гинат? Ќе бидат ли збунети од бесцелноста на потфати од типот што го имавме сега. А ние имавме сета  збунетост на тие млади момчиња за целта, за која што беја испратени. Се разбира со најразлични оценки, од оправдување до негирања, до комплетно безсознание за тоа зошто се и каде се?

Македонските родители, мајки и денеска плачат. Плачат и другите на сите простори. Бараат синовите да им бидат безбедни, да не гинат безцелно. Тие исти мајки ако се работи за вистински надворешен агресор така не би се однесувале. Тоа го знаеме сите ние.

IX/5.-

Ќе ги испратат во борба своите деца со страв заради тоа што се знае што носи секоја војна, но и со понос и со чуство на должност и патриотска гордост. А сега тоа чуство, можеме да забележиме го нема кај ниту едни од мајките било која националност се. Затоа, како македонска држава мора да имаме енергичен став по ова прашање. Ако нашиот став за ова прашање поаѓа, а мислам дека поаѓа, од нашите потреби, за сојузништва за воен чадор над Македонија бидејќи нашите фрустрации се на овие простори големи, а тој страв и таа потреба не турка во непринципелна положба, положба која не тера да поддржиме политика на оспорување на легитимна политичка волја на друг народ, или други народи се плашам дека ќе ја жртвуваме нашата легитимна политичка волја, нашето право на слободен избор. Малите ако вака постапуваат тоа ќе им се врати во друга прилика токму по нивното легитимно право за своја политичка волја. Се плашам дека таа политика би била против послабите, помалите народи, се плашам дека тоа би била политика на охрабрување на поголемото право на тие што се поголеми, посилни, војнички и во секој друг вид. А тоа би било отклон од нагорната линија за еднакви права на секој човек, на секој народ без оглед на верата, на расата, без оглед на големината на тој народ, или без оглед на големината на било кој национален колективитет. Во таква грешка лично јас не би сакал да западнеме, иако нашата позиција како Република е деликатна, мошне деликатна, мора да се води сметка за многу аспекти, мора да се води сметка во конечна смисла што се жртвува со неенергичниот став против една политика, или отсуството да се каже на некои работи јасно дека не може да бидат прифатливи за овие простори.

Петто, ние мора да заземеме јасни ставови за регрутациите, за мобилизацијата. Можеме тоа да го тераме и на овој начин, на кој што го тераме сега во овој момент, но ми се чини не баш многу достоинствено.

IX/6.-

Не може Владата да има став против тие активности. Тоа да го соопшти а друг да ги обавува непречено тие активности. Тогаш или Владата ќе има исти став, или ќе молчи или пак ќе најде начин како тоа да го спречи или да биде во согласност со волјата на таа Владата, затоа што тоа е Влада на Собранието кое што е Собрание на овој македонски народ. Други, едноставно таквиот став на Владата, со игнорантски однос да го отстрануваат. Во тој случај господо имаме ли Влада, можеме да прашаме? Имаме ли ист степен на суверенитет со другите републики во Југославија? Пак, не ги заборавам сите наши специфики во оваа ситуација. Но, не верувам дека мора баш така и дека нема некои други модалитети во врска со тие решенија, затоа што е во прашање и самиот углед на Владата и самиот углед на овој Парламент. Во прашање се и наши многу документи кои што ги донесуваме, од Декларација до суверенитет и севкупно или, во прашање е една наша јасна ориентација во тој правец. Ако Владата соопштува на граѓанска непослушност против некои сојузни прописи, таква граѓанска непослушност обавуваат сите во Југославија, не е должна само Македонија да биде граѓански послушна во врска со некои од тие сојузни прописи тогаш може тоа да се решава, веројатно и на други начини. Треба прописи да имаме за таа работа, а ние тоа уште го немаме.

Шесто, ние конечно мора да ја изведеме на чистец нашата стратешка определба. Колку и да ја одбегнуваме и од разбирливи такви причини, против кои немам ништо, ние мораме конечно да го имаме тој став и таа наша подготвеност што со евентуалното конечно, за некои веќе не е евентуално, отцепување на Словенија и Хрватска, што едноставно ако тие чинови станат дефинитивни? Говорат многу индиции дека можат да станат дефинитивни.

IX/7.-

Што ако Еворпа се согласи да се усогласи според поделениот интерес на југословенскиот простор, а и такви индиции има. И, Еворпа, не е така идилична слика како што ние најчесто сакаме да ја прикажеме. И тие имаат свои превирања, своите спротивставени интереси, што еве на примерот на Југославија повторно се покажува сето тоа. Ќе поминат ли и овие три месеци, па тогаш да се прашаме е сега што ќе правиме, или мораме прашањето да го имаме однапред. Јас знам дека нешто се работи во врска со тоа, но од овие информации што јас ги имам мислам дека мора побрзо и многу поенергично да имаме и еден и друг вид на одговори во врска со таа ситуација. Ние едноставно како Македонија, како политичко раководство, особено најодговорните направија се, и прават се, да се сочува интегритетот на Југославија, да опстои барем некаква минимална во кохезиона смисла југословенска заедница. Меѓутоа, исто така, мораме да бидеме јасни дека Југославија не ја спасуваат разумните ставови на Македонија и знаеме каде е централната битка околу тоа ќе постои ли Југославија, или не и каква, евентуално, ќе постои? Македонија може да даде свој прилог, но сепак за жал одлуката во поголем степен е на други места. Македонија мора да го има решението и за неразумната и за разумната опција југословенска. Едноставно, тие прашања мислам дека, можеби брзо се работи на нив, јас имам впечаток дека недоволно брзо и треба многу, многу побрзо да се работи на тие прашања, за да можеме колку е можно повеќе сепак да бидеме подготвени и за една и за друга солуција. Не според она само ние што ја сакаме, туку и онаа што помалку ја сакаме или воопшто не ја сакаме.

IX/8.-
СТОИЛЕ СТОЈКОВ:
Почитувани граѓани, Почитувани претседатели, Почитувани пратеници.
После една ваква опстојна анализа и едно вакво обемно излагање на г-дин Гошев, бев во дилема дали да се јавам, но сепак ќе бидам краток. Колку долго ќе оди вака, се прашувам често, самиот себеси и ме одзема чувство на немоќ. Немоќ и безнадежност за разрешување на оваа уставно-политчка криза. Без нејзино што побрзо разрешување, а тоа на сите ни е јасно не можеме да ги разрешиме и проблемите од сферата на стопанството и проблемите од сферата на живеењето и творењето.
Со последните настани во Југославија, ако се уште можеме така да ја наречеме, некои работи стануваат уште повеќе нејасни. Стравот завладеа со граѓаните. Стравот за себе, за своите најблиски, за својот народ, а какво е однесувањето на Југословенската Народна Армија во овој случај. Почнаа да се појавуваат во јавноста некои генералчиња замислувајќи си дека дошло времето да станат во најмала рака големи наполеони. Дали, со чинот на мобилизација на македонските резервисти сакаат да ни покажат дека не ја признаваат ниту нашата декларација за сувереност, ниту го признаваат уставниот амандман 83, кои ги донесе токму овој парламент. Ниту, ја признаваат Владата на Република Македонија а најмалку и претседателот на Македонија. За соработка секогаш се потребни најмалку двајца. Еднострана и наметната соработка во целиот демократски свет ја носи квалификацијата на потчинетост. Никој нема против да се заштитат границите од надворешниот непријател, но исто така, никој нема право да располага со животите на македонските државјани, а најмалку да ги употребува за интереси со кои макеоднските граѓани немаат ама, баш ништо заедничко.

IX/9.-
Овој Македонски парламент, Владата и претседателот г-дин Киро Глигоров имаат своја чест и свое достоинство, и никој нема право да го гази нашето достоинство. Достоинството на цел еден народ, па ниту до вчера, заедничката армија. Доста гинеа македонците за туѓи интереси. Тоа господа генерали да го примите на знаење.
Ме зачудува и односот на одделни средства за јавно информирање во Македонија, а се разбира повеќе и во Југославија кои не најдоа за сходно да му објаснат на со право преплашениот народ што се случува во Југославија, а конкренто да му објаснат и спроведената постапка за мобилизација и нејзината уставно-правна подлога со најновите уставни амандмани на Уставот на Република Македонија. Поедини макеоднски новинари со сите се турдат да не дојде до македонски национален консензус по одреднеи прашања од витален интерес за Република Македонија измислувајќи час бугараши, час србомани и што уште не. Разделувајќи го на тој начин македонскиот човек и македонските граѓани поистоветувајќи ги со цели едни партии, со една конотација дека се фактички и издајници, тоа не го признавам драги господа. За чии ли интереси работат тие исти поедини новинари, не ги обвинувам овде сите новинари, затоа што има и чесни новинари што си ја извршуваат со право својата работна обврска. Јас мислам дека е доста господа, таканаречни, независни новинари со омаловажување на овој чесен и мирен народ. Доста е. Затоа, апелирам до г-дин претседател Киро Глигоров, г-дин Васил Тупурковски да не потклекнуваат на никакви закани и уцени од било чија страна и доследно да се залагаат за нашите определби за сојуз на суверени држави, а ако тоа не е можно, или

IX/10.-

други тоа не го сакаат, суверена и независна македонска држава со што по едно разрешување на југословенската криза ќе ја вратиме вербата на народот дека ќе се разреши економско-социјалната криза. Граѓаните се на работ на голата егзистенција. Овој народ е научен со векови да трпи, но до кога? Затоа, господа републички лидери договорете се, или поздравете се, како пријатели, а не со окрвавени очи и раце. Овој народ не сака да војува, а најмалку за туѓи и неразбирливи интереси.

X/1.-JJ/МЛ
СТОЈАН АНДОВ:
Има збор пратеникот Горѓи Котевски.
ГОРЃИ КОТЕВСКИ:
Јас ќе се задржам многу кратко бидејќи во поранешната дискусија зафатив од оваа ситуација што е моментално во Македонија. Сега сакам само накратко да се надоврзам на дискусијата од Петар Гошев затоа што некако логично ми вклопува и во неговата дискусија. Јас би се осврнал само на три точки на денешната политичко-безбедносна ситуација во Македонија и во Југославија.
Се некако пред очите ми станува јасно дека одредени кругови во Југославија наметнуваат одредена политичка игра за остварување на сопствени цели. А тие кругови, верувајте, ова е мој слободен заклучок, не значи дека тоа и со некој од вас ќе се совпадне, меѓутоа јас ја гледам така ситуацијата. Тие одредени политички кругови веќе сега имаат едно јасно сценарио кое што завршува и доаѓа при крај. Еве како јас резонирам. Од оваа Југославија два народа кои се најсвесно национално определени, така да ги нарекувам европски тип веќе свесно се туркаат од југословенската политичка сцена и некако да се отстранат од таа Југославија, а во другиот дел да останат оние балкански народи со кои што може лесно да се манипулира и лесно да се стават под туѓа капа.
Вториот факт е тој кој зборува и за денешната ситуација што ја направија одредени кругови, одредени воени личности во Југославија. Она што го кажа Гошев, јас само го продлабочувам и го дообјаснувам. Одредени воени личности направија таков расцеп во ЈНА и таков јаз, кој што мене навистина, ми наликува дека и во таа

X/2.-
ЈНА да не ја чувствуваме како југословенска и во неа како да се формираат паравоени формации. Тоа е вториот став. И третиот, на кој ми се врзува во ова сценарио, тоа е нееднаквоста на републиките во Југославија во однос на одредени закони кои дејствуваат и треба да се извршуваат на југословенско и на сојузно ниво. Ако во една Словенија или во една Хрватска Законот за општонародна одбрана не важи, во Македонија тој се спроведува тотално, дури можам да речам и се нарушува. Зошто? Ние во Македонија територијалната одбрана се знае во чија надлежност е, се знае и тоа оружје чие е. Нашата територијална одбрана фактички не дејствува и не работи и не функционира по ист принцип и услови како што се во другите републики во Југославија. Земете ја жив пример Словенија и Хрватска на тој план. Каква е територијалната одбрана во Хрватска, во која улога се јавува сега, а каква е нашата. Не велам дека нашата треба да биде со ист аршин како нивната, меѓутоа споредиги тие разлики и овие три точки што јас ги изнесов дека ми се врзуваат во тоа сценарио на тие југословенски кругови кои што сакаат да посегнат во другите републики и да остварат некои вечити национални стремежи. Али јас мислам дека ќе доживеат тотално политичко фијаско. Се надевам дека врвните политички личности на Македонија во тој поглед ќе дадат најголем придонес, а ние ќе се придружиме и да ја завршиме умно оваа работа.
СТОЈАН АНДОВ:
Има збор пратеникот Митко Анастасовски.
МИТКО АНАСТАСОВСКИ:
Драги другари, не сакав да зборувам, но не можам да не зборувам.

X/3.-
Имам тука напишано неколку точки и на кратко сакам само да ги прочитам. И прво сакам да му благодарам на претседателот на Републиката и на господин Тупурковски за напорите што ги прават во овие денови, за спасот на она што може да се спаси. Велиме вака: здрав беше и умре. Умре! А за да умре има причини. "Море колку голема топола беше, се исуши падна". Црвот го изеде! Видете, тие се поговорки. Ханџиски одржа еден говор со една цела историја, но прескочи еден период кој беше многу битен токму за Македонија. Тоа е периодот од 1914 година до крајот на Првата светска војна. Знам дека секого ќе го боли. Таква ни беше судбината. Ние сега сме тие кои ќе мораме да ја исправиме таа огромна историска неправда за нашиот народ. Колку ние ќе бидеме јаки, тоа ќе зависи колку сме ние истрајни во тоа. Затоа што денеска она што се случува во нашата земја не е само внатрешна болест. Така. Факт е дека тука дејствуваат и надворешни сили. Како не ќе се спротивставиме, тоа не зависи само од нас Македонците. Тоа ќе зависи од сите други државници на републиките. Јас кажав 1919, вие лесно ќе можете да разберете зашто стана Македонија проктеторат на некои посилни држави. Толку за тоа.
Е сега, многу ми е жал, најискрено ви зборувам, навистина ми е многу жал што почна да царува ни разум ни ум кај луѓето. Има многу труд, има многу работа да се дојде до согласие. Го гледам Васил, извинете тој е преуморен. Видете, тоа е труд.  Во овој момент јас од тука се обраќам до сите вас до сите нас, ние сме наши, да им помогнеме на овие луѓе. Знаете зашто? Да го запазат она што го сакаме сите, суверенитетот на нашата држава. И понатаму да решиме што ќе направиме. Денес тоа е најважното.

X/4.-

И друго уште една работа, нашата Влада, што ја гледам тука пред нас (се свртува спрема членовите на Владата), да е жива и здрава е овластена од овој Парламент да врши, да презема некои акти. и неа не треба да ја напаѓаме и никој од Владата да не напаѓа. Сега колку се тие во можност да ги извршат задачите што им се поставија, тоа е друго прашање.Треба да знаеме, тоа сега го размислувам дека ние сме врзани со две работи. Сме врзани со еден стар закон и еден стар устав и со еден закон што сега сакаме да го спроведеме.

Тука падна збор и за новинарите. Јас никогаш нив не сум ги напаѓал, а ниту ќе ги нападнам. Гледам дека новинарите од денеска, некако се поправаат. Тоа не важи за сите. И сметам дека и понатаму треба да бидат и ќе бидат со сите нас. За да се смири расправата господинот Стоилко рече дека треба да има двајца, ама ние сме 6,10, 15 и повеќе. Треба да надвладее, тоа што рече господ мир меѓу луѓето.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збрр господин Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Господин претседателе, почитувани пратеници, моето учество во расправата би сакал да го насочам во правец на можности за заклучување на оваа седница, а повеќе основи за некои предлози овде што сакам да ги изнесам, гледам пред се во еден суплифициран однос спрема излагањето на д-р Васил Тупурковски, и мислам дека односот кој во оваа дискусија го градиме можеме на одреден начин и расположението и заклучоците што треба да ги донесеме да бидат и свое видно обраќање за мене, до три институции, кои што на одреден начин и

од чие реагирање во конкретните активности за разврска во југословенската криза многу зависи. Мислам дека едно такво обраќање е неопходно до Собранието на Словенија, едно обраќање до Европската заедница и до Претседателството на СФРЈ и тоа, пред се во функција на врховна команда.

Во сите обраќања колку што можев да оценам, духот на расправата овде, доминираше, пред се, се поаѓаше од отфрлањето на принципот на употреба на сила во решавањето на нашите кризни состојби со препорака Собранието да бара сите проблеми да се решаваат по мирен пат и преку преговори.

Притоа мислам дека е добро Собранието да инсистира веднаш да престанат сите употреби на сили во Словенија, а сите вооружени формации да се повлечат во своите првобитни одредишта.

Второ, Собранието би требало да побара сите политички државни фактори во Југославија да се откажат од закана или од употреба на сила и да пружат јасни гаранции дека по мирен и договорен пат ќе се пристапи кон решавањето на кризните состојби.

Поаѓајќи од сувереноста на Републиката Македонија од нејзиното непрекосновено право да одлучува за сопствените интереси, како и од правото на народите на самоопределување што им го признаваме и почитуваме на сите народи, ова Собрание повикува на неодложно обновување на дијалогот за Југославија.

Мислам дека за судбината на Југославија можат да одлучуваат само суверените држави на демократски договорен начин.

Обраќањето до Парламентот на Република Словенија, всушност треба да биде обраќање кое поаѓа од ставот на Македонија дека не го оспорува, туку напротив го почитува правото на словенечкиот

народ на самоопределување и пред се на плебисцитарно изразената волја на граѓаните на Словенија.
Мејѓутоа, истовремено, потсетуваме и на потребата на заеднички живот и на одговорност за заедничките интереси.
Бараме и да побараме договорно решавање на сите прашања, да побараме да се оствари договорот постигнат со Европската заедница и што е можно повеќе да надвладее разумот и воздржаноста во сите критични моменти и одлучност со цел да запрат било какви војни активности во нивната Република.
Треба да ја изразиме спремноста да не се попрелува остварувањето на суверената волја на словенечкиот народ.
Меѓутоа, јасно да нагласиме дека таа волја на словенечкиот народ не може да се остварува на сметка на другите народи во Републиката, бидејќи заедничкото живеење во овие 50-тина години создало и одредени обврски меѓусебни, имотни и други односи и треба на мирен и демократски начин да ги расчистиме.
Во таа смисла ние треба да понудиме визија за идната соработка, почитувајќи ги објективните заеднички интереси и живот на рамноправните суверени држави по моделот на Европската заедница, посочувајќи сепак,  како сеуште е актуелна платформата на Глигоров-Изетбеговиќ.
Во обраќањето до Претседателството на СФРЈ, ми се чини дека посебно треба да го истакнеме овде што доминираше, улогата која што Претседателството сега ја има во комплетен состав со свој претседател и потпретседателот, треба да ја одигра како врховна команда на вооружените сили на СФРЈ.

X/7.-
Да се бараат мироЉубиви солуции, да не се употребува сила, да се истрае во договорот со Европската заедница, доследно да се почитуваат последните одлуки и она што Гошев овдека го спомна одлуките на Армијата да не можат да бидат надвор од одлуките на цивилните власти.
Обраќањето до Европската заедница со полно право би морале да го афирмираме со односот на Македонија спрема целокупната оваа состојба. Македонија тоа го заслужува од повеќе аспекти, бидејќи во овој момент докажа дека е за мир, е за демократија и дека со развојот на внатрешните односи во Републиката ќе ги надмине и меѓунационалните односи и ќе биде, односно ќе се стави во функција на решавањето на оние прашања кои што се од животен интерес за граѓаните на Македонија. Затоа мислам дека ова обраќање би требало да ја изрази заинтересираноста на Републиката за соработка со сите европски држави, институции. Собранието да ги поздрави решителноста на меѓународната јавност во поддршката за мирна разврска на југословенската криза.
Предлагам Собранието да го прифати во целост ставот изграден на Европската заедница, за што е неопходно и натамошно ангажирање на нејзините претставници, посебно на министерската група и потврда на Република Македонија дека ќе даде свој придонес во остварувањето на тие одлуки.
Мислам дека ова обраќање до Европската заедница ние треба експлицитно да го направиме во поддршка на тие ставови. Со тоа на одреден начин ќе си го отвориме патот во одлучувањето за остварувањето на сопствената самобитност да се приклучиме преку познатите принципи содржани во финалниот акт на Хелсиншката и Париската повелба.

X/8.-

Мислам дека во таа функција би требало на меѓународен план и една посебна активност да преземеме, а тоа е претседателот на Републиката да испрати свои претставници во сите европски земји, во Советскиот Сојуз и во САД, бидејќи сведоци сме дека медиумската војна, застојот на дипломатската активност на Југославија и она што во овој момент за Македонија е многу битно има реални и објективни информации како од светот, така и од Републиката спрема светот, на одреден начин со ваквите наши претставници би се комплензирале во една позитивна смисла.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Ако веќе е така, со задоволство може да се констатира дека по овие, фундаменталните прашања за надминување на југословенската криза и нашите погледи кон тоа, постигнавме меѓупартиски консензус, така да кажам, мислам дека би било добро да се договориме уште за две прашања. Прво за да се одржи една ваква определба и ориентација на Македонија да ја изведеме до крај, мислам дека треба да спречиме деструкција во Македонија во врска со сите овие настани, дневно политички што се случуваат овде, со навијачки приод или мобилизација. Под импресија сум малку од вчерашниот разговор и револт на родителите од Крива Паланка во Куманово. Можевме од средствата за јавно информирање да чуеме дека слични реакции има скоро во цела Република. Има страшни, монструозни дезинформации, подметнувања меѓу родителиве кои ги вознемируваат и доведуваат до зголемување на револтот и ваков вид на реакции на кои впрочем бевме и сведоци и

имавме можност да ги видиме. Имено, од луѓето можевме да видиме како поединци таму протураат вести и дезинформации дека сите што доаѓаат регрути односно станува збор за овие што се мобилизирани од Крива Паланка, доаѓаат со бројчиња на рака и до колку и се упатуваат во Словенија, а не сакаат да одат дека се дезертери и дека се приоѓа кон стрелање. И тие родители што и завчера дошле да ги видат своите деца или своите мажи, вчера пак дојдоа за да се уверат дека тоа не е точно. Инсистираа да ги видат. Ако тие вести се протураат секој ден, тие секој ден ќе сакаат да доаѓаат да вршат притисок да ги гледаат родителите. Според тоа, мислам дека сите партии треба да придонесеме, ваквите деструктивни однесувања на поединци активисти треба да се спречат.
И второ мислам дека најдобар одговор на дезинформациите е вистинска информација. Добро рече една наша коментаторка дека, пред некоја вечер на телевизија, дека кога започнува војната се закопува вистината. Толку се контраверзни информациите, толку се дозирани и може да не наведат на погрешен заклучок.

X/10.дј/лб

ТИТО ПЕТКОВСКИ (продолжение)

Ова го говорам како потреба, конкретните мерки што се носат од Републичките органи мора да бидат јасни и недвосмислени.

Говорам и околу оваа информација што беше од Владата, околу мобилизацијата. За тоа нешто пошироко говореше и Гошев. Мислам дека сеуште на нашата јавност треба дециднода и се каже тој став на Владата.

Ако се оди на непочитување на сојузен пропис на тој план мора да се предвиди и инструмент за заштита на оние кои нема да го почитуваат тој пропис и Владата мора да каже јасно и недвосмислено поради кој причини предлага да не се одазиваат регрутите на позивот од воените единици. Токму тоа навремено, брзо и точно информирање елиминира секакви дезинформации, секакви заблуди, секаков револт. Ако треба и двапати навечер ќе излезе претставник на Влада, на ТВ и ќе каже за една дезинформација да се демантира за да може да ги смири луѓето, инаку непотребен револт се создава.

СТОЈАН АНДОВ:

Сега да се договориме до кога ќе работиме и како ќе работиме, бидејќи е доцна. Има луѓе во салава кои навистина се преморени и неможе натаму да се следи расправата.

Јас предлагам сега да ја прекинеме седницата и да се договориме за кога да ја закажиме седницата. Имаме пријавено уште 8 говорници, а ќе има и реплики, така да мораме да ја прекинеме седницата.

Предлагам да ја прекинеме седницата и да продолжиме во понеделник во 10 часот.

(Седницата прекина со работа во 23,15 часот).